**У С Т А В Е Н  С У Д**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# П Р Е Г Л Е Д
**на работата на Уставниот суд на Република Северна Македонија**
**за 2024 година**

**Скопје, март 2025 година**

## СОДРЖИНА

**I. ВОВЕД** ... 3

**II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИ АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ** ... 5

**II.1. Примени иницијативи и други поднесоци по кои се оформени предмети** ... 5

**II.2. Решени предмети** ... 8

А. Решени предмети во кои биле оспорени закони или одредби од закони ... 9

Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и други општи акти ... 9

В. Решени предмети за заштита на човековите слободи и права ... 10

Г. Решени предмети за судир на надлежност ... 11

**II.3. Нерешени предмети** ... 11

**II.4. Траење на постапката пред Уставниот суд** ... 11

**III. АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ** ... 12

**IV. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО** ... 14

**1. Интервентни одлуки на Судот** ... 14

1.1. Одлуки за укинување на закони или одредби од закони ... 14

1.2. Одлуки за укинување и поништување на други прописи и општи акти ... 19

А. Прописи и други општи акти ... 19

Б. Акти на совети на општини укинати/поништени по предмети оформени по сопствена иницијатива на Судот ... 29

**2. Решенија за неповедување постапка** ... 31

**3. Барања за заштита на слободи и права** ... 40

**4. Предлози за решавање судир на надлежност** ... 42

**5. Издвоени мислења** ... 43

**V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ** ... 44

1. Активна транспарентност на Судот ... 44

1.1. Активности за зголемување на транспарентноста на Уставниот суд ... 44

1.1.1 Креирање на нова веб-страница на Уставниот суд ... 45

1.2. Говорни и пишани техники за унапредување на транспарентноста ... 46

1.2.1. Соопштенија ... 46

1.2.2. Објави на службениот фејсбук-профил на Уставниот суд ... 47

**VI. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 60-ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА УСТАВНИОТ СУД** ... 48

**VII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ... 49

**VIII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ - СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ** ... 52

**IX. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДОТ И СТРУЧНА СЛУЖБА** ... 57

**X. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА** ... 60

## I. ВОВЕД

Уставниот суд на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари 2024 година заклучно со 31 декември 2024 година, во рамки на остварувањето на своите уставни надлежности, одржа 33 седници, една јавна расправа по барање за заштита на слободи и права и 20 работни состаноци.

Функционирањето на Судот се одвиваше врз основа на Програмата и распоред за работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година којашто беше донесена на 28 февруари 2024 година, врз основа на член 89 алинеја 2 од Деловникот.

Со оваа програма и распоред беа утврдени целите кои требаше да ги оствари Уставниот суд во текот на 2024 година, а кои произлегуваат од неговата уставна улога, активностите кои требаше да се преземат за остварување на поставените цели и индикаторите за следењето на нивното исполнување, носителите на тие активности, временската рамка за спроведување на истите и на крајот, следењето и известувањето за остварувањето на поставените цели.

Уставниот суд на седницата одржана на 27 мај 2024 година, врз основа на член 113 од Уставот на Република Северна Македонија, го донесе Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.115/2024 од 31.05.2024 година), со кој се уредуваат прашања кои се однесуваат на начинот на работа на Уставниот суд, како што се функционалната и финансиската независност, административната самостојност, јавноста во работата, внатрешната организација, актите на Судот, нивното правно дејство и извршување, правата и должностите на претседателот на Судот и судиите кои произлегуваат од вршењето на функцијата, како и постапките пред Судот преку кои се остваруваат неговите надлежности и други прашања во врска со начинот на работа и постапката пред Судот. Актот се применува од 1 септември 2024 година.

Со Актот на Судот се воведени одредени новини:

- Како обележја на Судот, покрај печат, Уставниот суд има и лого во кој примарен симбол е отворена книга-визуелен приказ на Уставот;
- Во работата на Уставниот суд се обезбедува примена на јазиците и писмата согласно Уставот и закон;
- Своите надлежности Уставниот суд ги врши по претходно примен поднесок, кој со новиот акт, покрај тоа што може да се поднесе лично и преку пошта, може да се поднесе и електронски;
- Електронското поднесување на поднесоците се уредува со посебен акт на Судот;
- Предметите кои се оформуваат по примените поднесоци или кога Уставен суд постапува по службена должност имаат нови ознаки;
- Уставниот суд го следи остварувањето на уставноста, законитоста и слободите и правата на човекот и граѓанинот, Уставниот суд и по свое наоѓање може да усвои посебен извештај во кој ќе укаже на потребата за

преземање мерки за нивно остварување и заштита и ќе го достави до надлежниот орган;

- Рокови за постапување на Судот во однос на постапките за нормативната контрола на уставноста на законите и уставноста и законитоста на другите акти и прописи и за заштитата на слободите и правата на човекот и граѓанинот;

- Рок за доставување на издвоено мислење до претседателот на Уставниот суд најдоцна 30 дена од денот кога е утврден текстот на одлуката, односно решението и истото се објавува во службеното гласило во кое се објавува одлуката, односно решението на Судот.

- На судиите им се издава легитимација чија форма и содржина на образецот на судската легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање, Уставниот суд ги пропишува со посебен акт;

- Во однос на финансиската независност на Уставниот суд, во Актот е уредено дека средствата за работа и функционирање на Судот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, а при предлагањето и утврдувањето на максималните износи на одобрени средства за наредните три фискални години по буџетски корисници на централната власт и за фондовите, Министерството за финансии и Владата на Република Северна Македонија треба да извршат консултација со Судот за разделот кој се однесува на Судот;

- Во однос на внатрешната организација и работа на Судот, покрај другото, Уставниот суд утврдува начелни мислења за прашања од значење за заштитата на уставноста, законитоста и слободите и правата утврдени во Уставот;

- Во Службата на Уставниот суд се воведува ново звање - помлад соработник;

- Вработените во Службата имаат статус на вработени во јавниот сектор. Определувањето на групата, подгрупата, категоријата и нивоата, како и шифрите на работните места во Службата согласно со прописите, се утврдуваат со посебен акт на Судот и ќе се вградат во Каталогот за работни места во јавниот сектор кој го води надлежното министерство.

- При вработувањето и унапредувањето во Службата, ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници;

- Уставниот суд обезбедува услови за работа на својата библиотека и информатичкиот систем при што во предлог-буџетското барање на Судот задолжително се предвидуваат средства за работа на библиотеката и информатичкиот систем.

На 4 јуни 2024 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија за претседател на Уставниот суд го избра судијата д-р Дарко Костадиновски, кој стапи на оваа должност на 4 јуни 2024 година.

На 6 октомври 2024 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија за нов генерален секретар на Судот ја именува м-р Виолета Ѓорѓиевска, дотогашен советник на Судот за стручно-аналитичка работа во Службата на Уставниот суд.

## II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИ АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ

Во периодот од 1 јануари 2024 заклучно со 31 декември 2024 година, Судот постапуваше по вкупно **450** предмети. Од нив, **276 предмети беа оформени** во текот на 2024 година, а **174** беа пренесени како **незавршени** од претходните години. Од вкупниот број предмети во работа во текот на годината беа **завршени 248 предмети**, а останаа **незавршени 204 предмети.**

### II.1. ПРИМЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ ПО КОИ СЕ ОФОРМЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Оформени предмети според подносителите на иницијативите***

| ***Подносители на иницијативи*** | ***Број на предмети*** |
|---|---|
| Граѓани | 167 |
| Политички партии | 4 |
| Здруженија на граѓани | 12 |
| Државни органи | 8 |
| Претпријатија и други организации и заедници | 7 |
| Органи на единиците на локална самоуправа | 3 |
| Други органи | 3 |
| **ВКУПНО** | **204** |

- *Уставниот суд по сопствена иницијатива оформи **72 предмети**.*
- ***Вкупен број на оформени предмети - 276***

**Подносители на иницијативи**



***Оформени предмети според видот на оспорениот акт***

| *Вид на оспорен акт* | *број на предмети* |
|---|---|
| Закони или одредби од закони | 124 |
| Статути или одредби од статути | 3 |
| Колективни договори или одредби од колективни договори | 2 |
| Прописи на Владата на Република Северна Македонија | 10 |
| - прописи на министерствата | 9 |
| Поединечни акти (заштита на слободи и права) | 12 |
| Акти на претпријатија | 1 |
| Акти на јавни служби | 13 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 89 |
| Судир на надлежност | 3 |
| Други акти | 10 |
| **ВКУПНО** | **276** |



***Оформени предмети според видот на надлежноста на Судот и според правната област на оспорениот акт***

| *Вид на надлежност на Уставниот суд* | *број на предмети* |
|---|---|
| **I. Оценка на уставност и законитост (по области)** | **261** |
| 1. Одбрана, безбедност и внатрешни работи | 7 |
| 2. Надворешни работи | 1 |
| 3. Финансии, даноци и други јавни давачки и надоместоци | 7 |
| 4. Стопанство | 14 |
| 5. Јавни претпријатија, јавни установи, институции што вршат јавни овластувања | 6 |
| 6. Организација и работа на органите на државната власт: (Собрание на Република Северна Македонија, Претседател на Република Северна Македонија, Влада на Република Северна Македонија и државна управа, правосуден систем (судови, Судски совет на Република Северна Македонија, Јавно обвинителство, Државно правобранителство, адвокатура, нотаријат, извршители, медијатори) и Народен правобранител | 69 |
| 7. Избори, референдум, политички партии, здруженија на граѓани и фондации, јавни собири | 4 |
| 8. Верски права и слободи | 1 |
| 9. Права на странците | / |
| 10. Имотно-правни односи | 11 |
| 11. Урбанизам и градежништво | 21 |
| 12. Сообраќај и врски | 6 |
| 13. Животна средина | 8 |
| 14. Работни односи | 1 |
| 15. Пензиско и инвалидско осигурување | 9 |
| 16. Социјална и здравствена заштита | 10 |
| 17. Односи во бракот и семејството | 2 |
| 18. Образование, наука и култура | 4 |
| 19. Јавно информирање | 3 |
| 20. Локална самоуправа | 74 |
| 21. Комунални дејности | 1 |
| 22. Останато | 2 |
| **II. Барања за заштита на слободи и права** | **12** |
| **III. Судир на надлежност** | **3** |
| **IV. Одговорност на претседателот на Републиката** | **/** |
| **V. Одлучување за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженија на граѓани** | **/** |
| **VI. Други надлежности на Уставниот суд** | **/** |
| **ВКУПНО** | **276** |

## II.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

**Во текот на 2024 година беа решени вкупно 248 предмети од кои:**

- 136 предмети од 2024 година
- 89 предмети од 2023 година
- 18 предмети од 2022 година
- 4 предмети од 2021 година
- 1 предмети од 2020 година

***Решени предмети според видот на актот на Судот со кои е завршена постапката***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 101 |
| Одлука за поништување | 4 |
| Одлука за одбивање | 1 |
| Одлука за утврдување | 5 |
| Решение за неповедување постапка | 58 |
| Решение за отфрлање на иницијатива/барање/судир на надлежност | 44 |
| Решение за запирање на постапката | 7 |
| Предмети завршени со припојување | 28 |
| **ВКУПНО** | **248** |

**Вид на акт со кој е завршена постапката**



***А. Решени предмети во кои биле оспорени закони или одредби од закони:***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 10 |
| Одлука за поништување | 1 |
| Решение за неповедување постапка | 41 |
| Решение за отфрлање иницијатива | 20 |
| Решение за запирање постапка | 1 |
| Предмети завршени со припојување | 22 |
| **ВКУПНО** | **95** |




***Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и други општи акти:***

| ***Вид на оспорен акт*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Статути | 4 |
| Колективни договори | 2 |
| Правилници | 26 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 22 |
| - деловници на совети на општини (по сопствена иницијатива) | 71 |
| Упатства | 5 |
| Уредби донесени од Владата на РСМ | 7 |
| Други акти (правила, тарифи и одлуки) | 10 |
| **ВКУПНО** | **147** |

| *Начин на кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 91 |
| Одлука за поништување | 3 |
| Одлука за утврдување неуставност/ неуставност и незаконитост | 2 |
| Решение за неповедување постапка | 17 |
| Решение за отфрлање иницијатива | 22 |
| Решение за запирање постапка | 6 |
| Предмети завршени со припојување | 6 |
| **ВКУПНО** | **147** |




***В. Решени предмети за заштита на човековите слободи и права:***

| *Начин на кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за утврдување | 2 |
| Одлука за одбивање | 1 |
| Решение за отфрлање на барањето | 1 |
| **ВКУПНО** | **4** |

| ***Заштита на слободи и права кои се однесуваат на*:** | *број на предмети* |
|---|---|
| Слободата на мислата и јавното изразување на мислата | 2 |
| Забрана на дискриминација (национална и социјална припадност) | 2 |
| **ВКУПНО** | **4** |

### *Г. Решени предмети за решавање судир на надлежност*

| ***Начин на кој е завршена постапката*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за утврдување | 1 |
| Решение за отфрлање на предлогот | 1 |
| **ВКУПНО** | **2** |

## II.3. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Вкупниот број на нерешени предмети, заклучно со 31.12.2024 година е 204.***

| **Година** | **Вкупен број нерешени предмети** | Апстрактна контрола | Барања за заштита на слободи и права | Решавање судир на надлежности |
|---|---|---|---|---|
| 2017 | 1 | 1 | / | / |
| 2019 | 14 | 13[1] | 1 | / |
| 2020 | 1 | 1 | / | / |
| 2021 | 6 | 6 | / | / |
| 2022 | 6 | 5 | 1 | / |
| 2023 | 34 | 34 | / | / |
| 2024 | 142 | 129 | 11 | 2 |
| **Вкупно** | **204** | **189** | **13** | **2** |

Од вкупниот број на нерешени предмети, 187 се во претходна постапка, додека останатите се одложени (6) или во фаза на поведена постапка за оценување уставност, односно уставност и законитост (11).

## II.4. ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ПРЕД УСТАВНИОТ СУД

Просечно траење на постапка по предмети за кои се донесени конечни акти на Уставниот суд (одлуки или решенија), сметано од денот на оформување на предметот, па сè до окончувањето на постапката:

| **Оформени предмети** | **Вкупен просек** | **Апстрактна контрола** | **Слободи и права** | **Одлуки** | **Најкраток период** | **Најдолг период** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2024** | 6 месеци | 6 месеци | 8 месеци | 6 месеци | 22 дена | 10 месеци и 17 дена |

[1] Од нерешените предмети од 2019 година коишто се однесуваат на апстрактна контрола на нормативни акти, во 13 предмети е оспорен Законот за употреба на јазиците.

## III. АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Анализата на вкупните податоци покажува дека вкупниот број на оформени предмети во текот на 2024 година – 276, споредено со минатата 2023 година кога биле оформени 210 предмети, е зголемен, односно оформени се 66 предмети повеќе (зголемен за околу 31.4%).

Во текот на 2024 година, од вкупно **276 оформени предмети**, 124 предмети се однесуваат на оценката на согласноста на законите со Уставот (45 %), 137 предмети се однесуваат на оценка на уставноста и законитоста на други прописи и акти (49,6 %), три предмети се однесуваат на решавање судир на надлежност (1,1 %) и поднесени се 12 барања за заштита на слободи и права (4,3 %).

За разлика од претходната 2023 година, кога бројот на оформени предмети коишто се однесуваат на оценката на согласноста на законите со Уставот бил 101, во 2024 година овој број е зголемен за околу 22,7%, зголемен е и бројот на оформени предмети што се однесуваат на оценката на уставноста и законитоста на другите прописи и акти за околу 37% (137) споредбено со 2023 година кога биле оформени 100 предмети. Бројот на примените барања за заштита на слободи и права е зголемен за околу 71,5% (12) во однос со минатата 2023 година кога беа примени 7 барања.

Од вкупниот број на **решени предмети** во 2024 година – 248, во 95 предмети беа оспорени закони или одделни законски одредби (38,3%), во 147 предмети беа оспорени прописи и други општи акти (59,3%), 4 предмети беа барања за заштита на слободи и права (1,6%) од вкупниот број решени предмети и 2 предмети се однесуваа на барања за решавање судир на надлежност (0,8%).

Судот ја оценуваше уставноста на вкупно 53 закони или одделни законски одредби од кои најчесто предмет на оспорување беа: Законот за облигационите односи којшто беше оспорен во 17 предмети, Законот за извршување што беше оспорен во 6 предмети, Законот за даноците на имот оспорен во 5 предмети, Законот за управните спорови во 5 предмети, Законот за работните односи во 3 предмети, Законот за судовите во 3 предмети, Законот за бесплатна правна помош во 3 предмети, Законот за Академија за судии и јавни обвинители во 3 предмети.

***Оформени и решени предмети***

| Година | Оформени предмети | Решени предмети |
|---|---|---|
| **2023** | 210 | 185 |
| **2024** | 276 | 248 |

Во однос на **бројот на оформени предмети** во 2024 година (276) споредбено со минатата 2023 година (210) е зголемен за 31,4%, а во однос на **решените предмети**, во 2024 година овој број (248) е за околу 34% зголемен од решените предмети во 2023 година.

Во текот на 2024 година, бројот на донесени одлуки – 107 одлуки (укинувачки/ поништувачки/утврдувачки) е зголемен за околу 4,5 пати повеќе во однос на 2023 година кога биле донесени 24 одлуки.

***Табеларен приказ на одлуки***

| Година | Одлуки | | | | Закони | Други прописи и акти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Укинувачки | Поништувачки | Утврдувачки | | |
| **2024** | **107** | 101 | 4 | 2 | 11 | 96 |
| **2023** | **24** | 20 | 4 | / | 9 | 15 |

Бројот на донесени **решенија за неповедување постапка** во 2024 година – 58 е за 10.7% намален во однос на 2023 година кога биле донесени 65 решенија.

Бројот на донесени **решенија за отфрлање на иницијативите** во 2024 година – 44 е за околу 47.6% намален во однос на 2023 година кога биле донесени 84 решенија.

***Барања за заштита на човекови слободи и права***

Во текот на 2024 година до Судот беа поднесени 12 барања за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија. Бројот на **примените** барања за заштита на слободи и права во 2024 година е зголемен во однос на 2023 година кога се поднесени 7 барања.

Од вкупниот број **решени** предмети за заштита на човековите слободи и права (4), Судот донесе 2 (две) утврдувачки одлуки со кои Судот утврди повреда на слободите и правата на кои се повикуваат подносителите на барањата, една одлука со која беше одбиено барањето на подносителот и едно решение со кое беше отфрлено барањето за заштита на човековите слободи и права.

| Година | Број на примени барања | Број на решени барања |
|---|---|---|
| **2024** | 12 | 4 |
| **2023** | 7 | 15 |

***Начин на кој е завршена постапката по барањата за заштита на човековите слободи и права пред Уставниот суд***

| Година | Решени | Одлуки | | Решенија | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | се одбива | се утврдува | се отфрла барањето | Административно решени |
| **2024** | 4 | 1 | 2 | 1 | |
| **2023** | 15 | 6 | 1 | 8 | / |

## IV. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО

### 1. ИНТЕРВЕНТНИ ОДЛУКИ НА СУДОТ[2]

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2024 година, како што е веќе истакнато, Судот со одлука за укинување или поништување на закони или одредби од закони и други прописи заврши вкупно **11 предмети**.

### 1.1. Одлуки за укинување закони или одредби од закони

Судот интервенираше во повеќе **закони** од различни области и тоа:

**1.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.192/2022 и У.бр.193/2023 од 31 јануари 2024 година, го укина член 66 ставови 3 и 4 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/2022 и 59/2023).

СЕНТЕНЦА: *Уредувањето во Законот, посебна група на вработени во определен орган да добијат одреден износ изразен во проценти заради специфичните работни задачи и посебната одговорност, е спротивно на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок и на член 32 став 5 од Уставот. При нормирањето на оспорената одредба, законодавецот употребил недефинирани термини и изрази каков што е „надополнување на редовната плата“ што е спротивно на темелната вредност - владеење на правото, особено во делот на изразот „надополнување“, нејасно е дали истиот претставува додаток на плата или пак некоја друга категорија која воопшто не е дефинирана со закон.*

*Наспроти сите други вработени кај буџетските корисници чија исплата се уредува со член 66 од Законот за буџетите, вработените наведени во оспорената одредба, се ставени во поповолна положба, иако го имаат истиот статус како останатите, што е спротивно на член 9 став 2 од Уставот.*

*Со оглед на тоа дека ставот 4 од член 66 од Законот упатува на ставот 3 и правно е поврзан со истиот, Судот, одлучи по сопствена иницијатива истиот да го укине како спротивен на член 8 алинеја 3 од Уставот.*

**2.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.92/2023 од 28 февруари 2024 година, ги укина: член 4 став 1 точка 2) во делот „националност”, член 11 став 1 точка 1) во делот „националноста” и член 13 став 1 точка 1) во делот „националноста” од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија” број 8/1995, 38/2002, 66/2007, 98/2008, 67/2009, 13/2013, 43/2014, 148/2015, 27/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 14/2020 и 129/2023).

[2] Во овој дел на прегледот се дадени сентенци од сите интервентни (укинувачки и поништувачки) одлуки, коишто се однесуваат и на законите и на подзаконските акти, донесени во текот на 2024 година, при што редоследот е хронолошки, односно според времето на донесувањето на одлуката.

СЕНТЕНЦА: *Слободното изразување на националната припадност, како темелна вредност на уставниот поредок од 8 став 1 алинеја 2 од Уставот вклучува право на поединецот слободно да одлучи дали ќе се изјасни за сопствената националност, но и право да одлучи да не се изјасни, вклучително и да ја промени декларираната националност.*

**3.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.80/2023 од 27 март 2024 година, го укина член 6 став 4 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” број 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија” број 151/2021).

СЕНТЕНЦА: *Оспорената одредба е во спротивност со член 9 од Уставот на начин што граѓаните кои не користат или не издаваат личен имот повеќе од шест месеци се ставени во нееднаква положба во однос на другите, од причина што е нејасно на кој начин ќе се утврди дали и колку недвижниот имот од страна на сопственикот се користи или се издава под закуп во тековната година. Во отсуство на јасно уредени критериуми на законското решение „кој не се користи“, „подолго од 6 месеци“, и нејасниот начин на докажување на користењето односно некористењето (со што и пред кој орган се докажува), оспорената одредба може на арбитрарен начин да се применува од различни општини на различен начин со примена на различни критериуми, со што граѓаните можат да бидат доведени не само во правна несигурност, туку и ќе бидат различно третирани во нивните права и обврски во зависност од тоа која општина кој критериум ќе го примени, што претставува повреда на принципот на еднаквост.*

**4.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.210/2023 од 27 март 2024 година, го поништи член 3 став 1 точка 2) во делот „најмногу до 65 годишна возраст” од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани („Службен весник на Република Северна Македонија” број 269/2023).

СЕНТЕНЦА: *Уредувањето во оспорената одредба според кое лицата над 65-годишна возраст, не се сметаат за корисници на правото на надоместок заради попреченост, е спротивно на принципот на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните во остварувањето на правата од социјалната сфера. Неоснованото исклучување на овие лица од единствената категорија корисници на правото на надоместок заради попреченост, создава и нееднаков третман помеѓу лицата кои се наоѓаат во иста правна положба (сите се корисници на правото на надоместок заради попреченост), но едни можат да остварат право на финансиска поддршка, а други не можат, исклучиво заради возраста што не е во согласност со уставниот принцип на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите од член 9 од Уставот.*

**5.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.130/2022 од 15 мај 2024 година, го укина член 2 ставови 1 и 4 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/ 2010, 123/2012, 43/2014, 153/2015, 6/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/2021).

СЕНТЕНЦА: *Оспореното законско решение од член 2 став 1 согласно кое законодавецот му дал приоритет на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија пред „сите“ други закони со својата контрадикторност и противречност е спротивно на уставниот принцип на владеењето на правото и неговиот суштински принцип - правната сигурност.*

*Одредбата од член 2 став 4 од Законот не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 61 и член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот од причина што уредувањето во оспорената одредба дека “одредбите од овој закон не можат да се изменат, дополнат или престанат во целост или делумно со одредби од друг закон, не го задоволува критериумот на јасна и прецизна норма со што ја доведува во прашање правната сигурност како битен елемент во владеењето на правото.*

**6.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.45/2022 од 18 септември 2024 година, ги укина: член 9 став 3 во делот „германски марки (ДЕМ)“, член 22, член 26 став 2, член 86-б став 1 и член 111 став 1 во делот „ДЕМ“ од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1993, 48/1993, 21/1998, 25/1999, 39/1999, 81/1999, 49/2000, 6/2002, 31/2003, 38/2004, 35/2006, 84/2007, 123/2012 и 25/2015).

СЕНТЕНЦА: *Уредувањето во оспорените одредби може да доведе до заблуда при нивната примена, поради што имплицира повреда на уставниот принцип на владеење на правото. Имено, законодавецот не ги направил потребните измени на оспорените правни норми во овој закон, дваесет и две години по официјалното престанување на важењето на германската марка. Оттука, во функција на правната сигурност и владеењето на правото, во законските норми не треба да се користи валута, која престанала да постои, затоа што не постои и официјален курс за замена на оваа валута во денарска противредност.*

**7.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.75/2022 од 18 септември 2024 година, ги укина член 6 став 3 и член 16 став 1 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/2021).

СЕНТЕНЦА: *Во отсуство на јасно уредени критериуми на законското решение „кој не се користи“, „подолго од 6 месеци“, и начинот на докажување на користењето односно некористењето на земјоделско земјиште (со што и пред кој орган се докажува), примената на оспорената одредба може на арбитрарен начин да се применува од различни општини на*

*различен начин со примена на различни критериуми, со што граѓаните можат да бидат доведени не само во правна несигурност, туку и ќе бидат различно третирани во нивните права и обврски во зависност од тоа која општина кој критериум ќе го примени, што претставува повреда на принципот на еднаквост.*

**8.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.98/2024 и У.бр.139/2024 од 25 септември 2024 година, го укина член 2 и член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" број 154/2023).

СЕНТЕНЦА: *Утврдување на нови услови и рокови под кои ќе се одвиваат и претходно воспоставени правни односи без преодно решение за прилагодување на субјектите во правото на ново настанатата ситуација, не е во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеи 3 и 6, член 9 став 2, член 30 став 1 и член 52 став 4 од Уставот.*
*Законодавецот согласно неговите уставни овластувања има право да донесува закони, да ги менува и дополнува, да го утврдува почетокот на нивната примена, да констатира престанување на нивното важење и сл., а во таа насока и да утврдува рокови според кои треба да се раководат граѓаните во остварувањето на своите права, вклучително и да ги менува, меѓутоа, законодавецот има и обврска да го уреди преминот од стариот во нов режим (преоден режим) на начин што ќе овозможи за одреден период граѓаните да го прилагодат своето однесување кон новиот режим со цел да не биде доведено во прашање остварувањето на нивните права и нивните легитимни очекувања коишто ги имале согласно претходните норми уредени со закон.*

**9.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.148/2024 од 2 октомври 2024 година, го укина член 26 став 2 во делот „ во рок од 30 дена " од Законот за управните спорови ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019).

СЕНТЕНЦА: *Правото на тужба не може да се остварува рестриктивно, или само како „голо" право, преку произволни норми кои не го уредуваат целосно конкретното право, или пак го уредуваат рестриктивно. Уредувањето во оспорената одредба само во одреден рок да се дозволи барање на судска заштита на правата на граѓаните од молчење на администрацијата, широко отвора можност, јавните органи да ја злоупотребуваат ваквата одредба, стимулирајќи ги да не ја вршат својата основна надлежност утврдена со Законот за организација и работа на органите на државната управа, а тоа е решавањето во управни предмети, на тој начин што нема да носат одлуки и решенија по барањата на граѓаните и стопанските субјекти, односно нема да одлучуваат по нивните жалби. Надлежноста претставува не само право, туку и обврска на јавните органи да ги извршуваат работите од својот делокруг пропишани со*

*закон, но во оспорената одредба, значењето на поимот надлежност за одлучување го сведува само на право на јавните органи, ослободувајќи ги од таквата нивна обврска која директно го загрозува начелото на владеење на правото, како и принципот на правна сигурност на граѓаните и еднаквост пред законот.*

**10.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.90/2024 од 9 октомври 2024 година, ги укина: член 19 став 1 алинеја 1 во делот „припадност на заедница", од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019, 14/2020 и 302/2020); член 36 став 1 алинеја 1 во делот „и припадност на заедница" од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Репу-блика Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022); член 2 став 1 алинеја 8 во делот „припадноста на заедницата/ заедни-ците", член 2 ставови 2 и 3, член 3 став 1 алинеја 1 во делот „припад-ност на заедница" од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржи-ната и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни пода-тоци при вработување во јавен сектор бр.12/1-42/4 од 27.02.2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2015); член 3 став 1 алинеја 8 од Правилникот за формата и содржината на регистарот на вработените во јавниот сектор, начинот на неговото водење, начинот на пристап, користење, обработка на податоците, како и начинот на обезбедување одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоци-те бр.14/2-2766/3 од 29.08.2014 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.132/2014) и Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годиш-ниот план за вработување бр.0402-313/1 од 25.03.2016 година („Слу-жбен весник на Република Македонија" бр. 63/2016).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорените одредби, законодавецот наметнува обврска на кандидатите за административни службеници во пријавата за вработување да наведат односно да се изјаснат за припадност на одредена заедница со што директно се прекршува уставното загарантирано право на слободно изразување односно неизразување за одредена национална припадност, односно припадност на заедница. Припадноста на заедница е задолжителен податок кој кандидатот во пријавата за вработување има обврска да го наведе, притоа ниту во Законот за вработените во јавниот сектор ниту во Законот за административни службеници, не е пропишано дека податокот за припадност на заедница е општ или посебен услов за вработување, а во суштина е елиминирачки предуслов за пријавување на јавен оглас за вработување во јавниот сектор со што се прекршува уставно загарантираното право на слободно изразување на националната припадност. Ваквите законски решенија се спротивни на основните слободи и права на човекот и граѓа-*

*нинот, слободата на изразување на националната припадност, на начин што правото на пријавување на јавниот оглас е ограничено на кандидатите за админстративни службеници кои припаѓаат на различна заедница од онаа наведена во јавниот оглас за конкретното работно место, а со тоа и спротивни на уставно загарантираното право на работа и слободен избор на вработување, односно на уставната гаранција според која секому под еднакви услови му е достапно секое работно место. Со оспорените законски и подзаконски одредби, законодавецот ја операционализира темелната вредност на уставниот поредок - соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Ваквата операционализација на оваа темелна вредност по својата суштина и природа претставува афирмативна акција што претставува преземање мерки од страна на државата, односно нејзина активна улога во процесот на еднакво третирање на одредени групи, односно претставува мерка со која ќе се забрза остварувањето на рамноправноста меѓу припадниците на одредени заедници со мнозинската заедница. Секоја афирмативна акција и мерка, од една страна, е од времен, темпорален карактер, односно по постигнувањето на нејзината легитимна цел во одреден временски период истата се исцрпува во нејзината примена, а од друга страна, недвосмислено претставува дискриминација и повреда на начелото на еднаквост.*

**11.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.206/2023 од 9 октомври 2024 година, го укина член 88 ставови 8 и 9 од Законот за дивечот и ловст-вото („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2023).

СЕНТЕНЦА: *Оспорените одредби се спротивни на уставниот принцип на владеење на правото од причина што членувањето на вработените во Комисијата за прекршоци не може да се смета за нивен дополнителен ангажман, туку претставува нивна редовна работна обврска за чие извршување треба да добиваат плата за извршената работа, но не и дополнителен надоместок во вид на награда.*

## 1.2. Одлуки за укинување и поништување на други прописи и општи акти

Судот во текот на 2024 година интервенираше во повеќе **подзаконски акти** и тоа:

### А. Прописи и други општи акти

**1.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.146/2023 од 24 јануари 2024 година, го укина Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.276 од 21 декември 2022 година.

СЕНТЕНЦА: *Од донесувањето на Правилникот, до денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија” се изминати повеќе од седум дена, односно надвор од предвидениот рок од член 52 став 2 од Уставот со кој е утврден временскиот период во кој законите и другите прописи треба да бидат објавени по нивното донесување, со што е доведен во прашање уставниот принцип на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел.*

**2.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.152/2023 од 24 јануари 2024 година, го укина Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во болничката здравствена заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/2023), донесен од Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

СЕНТЕНЦА: *Уставниот рок за објавување на оспорениот акт е пречекорен, со што оспорениот акт не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**3.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.157/2023 од 24 јануари 2024 година, го поништи насловот на поглавјето „Автентично толкување на општи акти” и членовите 108, 109, 110 и 111 од Статутот на Општина Сарај („Службен гласник на Општина Сарај” број 14/2006, 36/2021 и 6/2022).

СЕНТЕНЦА: *Уредувањето во Статутот на Општина Сарај за автентично толкување на општи акти преку оспорените членови од Статутот, е спротивно на Законот за локалната самоуправа од кој не произлегува овластување на совет на општина да дава автентично толкување на прописите што ги донесува, ниту Законот упатува на можност во друг акт (статут или деловник на општина) да се предвиди автентично толкување на општи акти. Од овие причини, оспорените членови од Статутот се спротивни на принципот на владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 и начелото на уставност и законитост уредено во член 51 од Уставот.*

**4.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.101/2023 од 31 јануари 2024 година, го укина Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог, донесен од министерот за животна средина и просторно планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” број 128/2023).

СЕНТЕНЦА: *Од донесувањето на Правилникот, до денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија” се изминати повеќе од седум дена, односно надвор од предвидениот рок од член 52 став 2 од Уставот со кој е утврден временскиот период во кој законите и другите прописи треба да бидат објавени по нивното донесување, со што е доведен во прашање уставниот принцип на владеење на пра-*

*вото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел.*

**5.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.149/2023 од 7 февруари 2024 година, го укина Правилникот за видот на штетни материи, како и начинот и методите на земање примероци за утврдување на штетните материи и други загадувачи/контаминенти (физички, хемиски и биолошки) во обработениот тутун и производи од тутун, донесен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство („Службен весник на Република Северна Македонија” број 84/2023).

СЕНТЕНЦА: *Прекорачен е предвидениот рок од член 52 став 2 од Уставот со кој е утврден временскиот период во кој законите и другите прописи треба да бидат објавени по нивното донесување, со што е доведен во прашање уставниот принцип на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел.*

**6.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.39/2023 од 21 февруари 2024 година, ја укина Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од УБ 32 во УЕ IV и за дел од УБ 47 во УЕ IX, Општина Велес бр. 25-2146/12 од 12.06.2020 година, донесена од Советот на Општина Велес објавена во „Службен гласник на Општина Велес“ бр.8/2020.

СЕНТЕНЦА: *Оспорената одлука не е во согласност со член 8 став 1 алинеи 3, 9 и 10 и член 51 од Уставот, како и со член 20 ставови 1 и 3, член 35 став 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и член 65 став 10 од Законот за животна средина од причина што во постапката пред Судот не беше презентиран доказ за доставување на писмено известување до лицето кое поднело анкетен лист и не беше доставена во целост документацијата која претходела на донесувањето на оспорената одлука.*

**7.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.153/2023 од 21 февруари 2024 година го укина Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и методологијата за утврдување референтни цени на лекови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/2023), донесен од Фондот за здравстено осигурување на Република Северна Македонија.

СЕНТЕНЦА: *Уставниот рок за објавување на оспорениот акт е пречекорен, со што оспорениот акт не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**8.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.99/2023 од 27 март 2024 година го укина Правилникот за формата и содржината на лиценцата за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.21 од 01.02.2023 година).

СЕНТЕНЦА: *Оспорениот правилник не е во согласност со член 52 став 2 од Уставот бидејќи е пречекорен е уставниот рок за објавување, односно поминати се повеќе од седум дена за објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.*

**9.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.105/2023 од 27 март 2024 година го укина Правилникот за формата и содржината на барањето за остварување на ослободувањето од данок на додадена вредност, увозни давачки и акциза на енергенти и данок на моторни возила за патнички автомобили и потребната документација која треба да се достави кон барањето („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 5/2023).

СЕНТЕНЦА: *Уставниот рок за објавување на оспорениот акт е пречекорен, со што оспорениот акт не е во согласност со член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**10.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.107/2023 од 3 април 2024 година го укина Правилникот за начинот на утврдување на несообразноста и висината на процентот на намалување на директни плаќања во случај на несообра-зност („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.131/2023).

СЕНТЕНЦА: *Уставниот рок за објавување на оспорениот правилник е пречекорен, со што истиот не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**11.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.93/2023 од 9 април 2024 година ја укина Одлуката за суспензија од примена на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. „Б.С. Гојчо“, дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ“, ул. „Перо Чичо“, ул.„Прва петолетка“ и ул.„Миле Кипра“- Општина Куманово, (2018-2023) со површина од 3.24ха, со технички број 18/18 од јули 2021, изработен од ДУПИ Планерис ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, донесен со Одлуката бр. 09-9525/41 од 28.12.2021 година, број 09-4569/3 од 6 јуни 2023 година („Службен гласник на Општина Куманово“ број 9 од 07.06.2023 година).

СЕНТЕНЦА: *Оспорената одлука не е пропорционална на предвидената цел што се мисли да се постигне, од причина што заштитата на јавниот интерес ќе беше постигната ако наведената одлука се однесува на тие делови или одредби од ДУП-от за кои може да биде докажана несомнената штета по јавниот интерес, а не да се однесува паушално на целиот плански опфат од урбанистичкиот план. Утврдените отстапки во постапката за донесување на оспорената одлука водат кон повреда на начелото на владеењето на правото, загарантирано со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.*
*Воедно, оспорената одлука е донесена спротивно на одредбите од Законот за урбанистичко планирање бидејќи мислењето од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, не е во насока за донесување на оспорената одлука*

*од причина што барателот на мислењето не успеал преку стручниот елаборат за суспензија да докаже постоење на штета по јавниот интерес.*

**12.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.145/2023 од 9 април 2024 година го укина Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.285/2022 од 28 декември 2022 година).

СЕНТЕНЦА: *Пречекорен е уставно пропишаниот рок од седум дена за објавување на оспорениот правилник во „Службен весник на Република Северна Македонија“, со што истиот не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**13.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.147/2023 од 9 април 2024 година утврди неуставност на Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.132/2023 година), во време на важењето.

СЕНТЕНЦА: *Оспорените правила престанале да важат со донесување на нови Правила за постапување по приговори и за разрешување на спорови. Со оглед на промената на фактичката и правната состојба на Решението за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорените правила кои престанале да важат во текот на постапката, согласно член 70 алинеја 6 од Деловникот на Судот, се утврди неуставност на оспорениот акт во времето на важењето.*

**14.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.21/2022 од 23 април 2024 година ја укина Одлуката за усвојување на Урбанистички план за село Маврово со детална разработка на дел од урбан блок 5 и дел од урбан блок 7, број 08-68/13 од 26.02.2015 година, објавена во „Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше” на 26.02.2015 година и Одлуката за усвојување на УДНМ за село Леуново – Општина Маврови Анови, број 07-269/1 од 19.07. 2001 година, објавена во „Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше” на 19.07.2001 година.

СЕНТЕНЦА: *Во однос на оспорената одлука за усвојување на Урбанистички план за село Маврово со детална разработка на дел од урбан блок 5 и дел од урбан блок 7, дадените согласности од надлежните органи не се во согласност со одредбите од Законот за градење, Законот за водите и Законот за заштита на природата, поради што оспорената одлука не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 10 од Уставот.*
*Оспорената одлука за усвојување на УДНМ за село Леуново – Општина Маврови Анови е во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и со член 22 ставови 6 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање кој бил во важност во време на нејзиното донесување, а од причина што постапката за донесување на урбанистичка документација не е во согласност со темелната вредност на уставниот поредок предвиде-*

*на во член 8 став 1 алинеја 10 од Уставот, истата е неуставна. Имено, со Законот за просторно и урбанистичко планирање е утврдено дека при донесување на урбанистичките планови е утврдена поделена надлежност меѓу органите на локалната управа и Министерството за урбанизам и градежништво, како еден од органите на извршната власт, па планот на кој не е дадена согласност не може да се спроведува и да произведува правно дејство. Со оглед на фактот што оспорената одлука за усвојување на УДНМ за с.Леуново, Општина Маврови Анови е донесена на 19.07.2001 година, а Министерството за транспорт и врски дало Согласност на 08.10.2001 година, тоа значи дека Одлуката е донесена без потребната согласност. Оттука, урбанистичката документација, за која не е издадена ваква согласност, согласно Законот, се смета дека не е донесена.*

**15.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.37/2023 од 23 април 2024 година ја укина Одлуката за утврдување на цените на комуналните услуги во делот на собирање, транспортирање и отстранување на комуналниот отпад бр. 0202-415/1 од 20.10.2022 година донесена од страна на Управниот одбор на ЈКП „Комуналец".

СЕНТЕНЦА: *Во услови кога одредбите од Законот за комунални дејности предвидуваат дека надоместокот за користење на комуналните услуги од индивидуалната комунална потрошувачка, конкретно за собирање и транспортирање на комунален отпад се пресметува во мерни единици и тоа во денари по м2/кг/паушал или во денари по м3 по член на домаќинство, а во оспорената одлука на ЈКП „Комуналец" надоместокот е претставен само како цена во денари за метар квадратен за домаќинство, оспорената одлука е во спротивност со уставните принципи на владеењето на правото и на уставност и законитост и член 24 од Законот за комунални дејности.*
*Имено ЈКП „Комуналец", во конкретниот случај, на нејасен и непрецизен начин утврдило тарифа која се однесува на домаќинство независно од неговите членови, односно цената е иста за семејства со различен број на членови со што ги пречекорил своите законски овластувања, принципот на супрематија во правниот поредок и правната сигурност на граѓаните како фундаментален принцип на темелната вредност - владеење на правото во уставниот поредок.*

**16.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.38/2023 од 23 април 2024 година ја укина Одлуката за условите и начинот на давање под закуп на недвижен имот во сопственост на Град Скопје, донесена од Советот на Град Скопје на 23.02.2023 година и објавена во „Службен гласник на Град Скопје" бр.6/23 од 10.03.2023 година.

СЕНТЕНЦА: *Оспорената одлука на Советот на Град Скопје има дејство erga omnes и општо ги регулира условите, начинот и постапката на давање под закуп на недвижен имот, сопственост на Град Скопје. Уредувањето во оспорената одлука, стварите во општинска сопственост на општината и Градот, да*

*може да се дадат на користење по пат на јавно наддавање, а врз основа на одлука на установата и со предлог на директорот на установата, не е во согласност со одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и со Законот за локалната самоуправа. Оспорената одлука е во спротивност и со член 8 став 1 алинеи 3, 6 и 9, член 51 став 1 и член 117 од Уставот, како и со одредби од Законот за Град Скопје.*

**17.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.147/2021 од 15 мај 2024 година ги укина Одлуката за критериуми при избор на спроведувачи на континуирано стручно усовршување, број 17-234/3 од 19.02.2021 година и Јавниот повик за избор на спроведувачи на континуирано стручно усовршување за период 2021-2025 година, број 17-271/1 од 19.02.2021 година, донесени од Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Стоматолошката комора на Македонија.

СЕНТЕНЦА: *Со оглед на тоа дека без правен основ со оспорената одлука на Комисијата за стручни стоматолошки прашања, Комисијата презела надлежност да уредува прашања за критериуми при избор на спроведувачи на континуирано стручно усовршување и донело општ акт надвор од Собранието на Комората за прашања за кои Комората е надлежна, при што паралелно со Правилникот на Собранието на Комората, оваа комисија уредувала критериуми и услови за прашања за кои Комората може само со Правилникот да ги уредува, оспорената одлука е спротивна на Законот за здравствена заштита.*
*Оспорениот јавен повик и оспорената одлука се во суштина два општи акти на Комисијата, со кои таа регулира права, обврски и односи на субјектите во правото за кои не е надлежна и нема јавно овластување согласно со закон за нивно донесување со кои ја регулира предметната материја, поради што се спротивни на принципот на владеење на правото и на одредбите од Законот за здравствена заштита.*

**18.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.36/2022 од 15 мај 2024 година го укина член 2 од Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надомест за приватизација на градежно земјиште, донесена од Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.81/ 2022).

СЕНТЕНЦА: *Правото на со закон овластениот и надлежен орган да ги уредува условите за висината на надоместокот за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште, но притоа, нововоспоставениот правен режим не смее да задира во уставно загарантираните права на субјектите во смисла на уредување, што значи негирање на претходно предвидените и стекнати права во односи кои започнале во време на важењето на претходниот правен*

*режим. Таквото законско овластување не значи дека надлежниот орган во конкретниот случај, Владата, со донесувањето на измените предвидени во оспорената уредба, има основ и право за понеповолно ретроактивно дејство на измените кои уредуваат нови услови за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште. Новиот режим на уредување на односите во правото во областа на приватизација на градежно земјиште, треба да се обезбеди на начин кој подразбира, изменетите услови да бидат соодветни на целите и причините поради кои тие се предвидуваат, а притоа да не предвидува ретроактивно дејство понеповолно за субјектите, и да не ја загрозува правната сигурност и веќе стекнатите права на субјектите на кои се однесува.*

**19.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.135/2022 од 10 јули 2024 година ја укина Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година бр.27-6567/1 од 07.06.2022 година, донесена од Советот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр.7/2022 од 06.08.2022 година).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорената одлука, Советот на Град Скопје ги доведува во нееднаква положба граѓаните на Република Северна Македонија, како и институциите, од причина што со вака направената пренамена на просторот со донесениот регулациски план не се во состојба да ја реализираат намената и правото кое им е загарантирано и дадено согласно важечкиот ДУП. При постоење на законска регулатива според која детален урбанистички план се усогласува со генерален урбанистички план и регулациски план доколку е донесен регулациски план, таа обврска може да се однесува само на обврската детален урбанистички план да биде усогласен со нив во времето на неговото донесување. Во спротивно, доколку законската обврска за усогласеност на детален урбанистички план со регулациски план, доколку е донесен, се однесува на веќе донесен во правна сила и примена на ДУП како во конкретниот случај, тоа би претставувало повреда на стекнатите права (со веќе донесен детален урбанистички план) што води кон правна несигурност и повреда на владеењето на правото.*

**20.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.58/2023 од 12 септември 2024 година го поништи Правилникот на Советот на Општина Македонска Каменица, бр.08-358/1 од 27.02.2023 година („Службен гласник на Општина Македонска Каменица" бр.19 од 15.03.2023).

СЕНТЕНЦА: *Единиците на локалната самоуправа можат со одлука, а не со правилник да ги реализираат законски пренесените овластувања за пропишување, односно доуредување на условите за плаќање на комунална такса за јавно осветлување. Во конкретниот случај, Советот на Општина Македонска Каменица со оспорениот правилник излегол надвор од рамките дадени во Законот за комуналните такси, Законот за локалната самоуправа и Законот за организација и работа на органи-*

*те на државната управа, поради што оспорениот акт не е во согласност со наведените закони.*

**21.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.19/2023 од 2 октомври 2024 година го укина Правилникот за начинот и постапката на утврдување на исплата на надоместок на штета предизвикана од каснување од бездомни кучиња, заведен под број 08-12159/20 од 28 октомври 2022 година, донесен од Советот на Општина Тетово и објавен во „Службен гласник на Општина Тетово” бр. 14 од 31 октомври 2022 година.

СЕНТЕНЦА: *Советот на Општина Тетово не е овластен врз основа на закон да носи Правилник за начинот и постапката за утврдување и исплата на надоместокот на штета предизвикана од каснување на бездомни кучиња и со тоа Општината ги пречекорила своите надлежности утврдени со Уставот и со закон. Оттука, односите за вонсудско решавање на ваквите спорови, за кои според анализираните закони општината поради неисполнување на обврската за згрижување на бездомни кучиња се јавува во улога на штетник, потребно е да се уредат со друг општ акт во форма и со назив предвидени со Законот за локалната самоуправа.*
*Оттука, несоодветноста на формата изразена преку називот на овој општ акт и дел од содржинските решенија коишто уредуваат „постапка“ е во спротивност со одредбите од член 8 став 1 алинеи 3 и 9 и член 115 став 2 од Уставот, како и со член 62 од Законот за локалната самоуправа.*

**22.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.69/2023 и У.бр.70/2023 од 9 октомври 2024 година го укина член 2 став 2 алинеја 6 од Правилникот за постапката за доставување и регистрирање на колективните договори и нивните измени до надлежниот државен орган и начинот на водење на евиденцијата на доставените колективни договори и нивните измени („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.223/ 2022).

СЕНТЕНЦА: *Предвидувањето на дополнителниот услов за регистрирање на колективните договори од јавниот сектор со оспорениот член од Правилникот, нема ниту уставен, ниту законски основ и претставува ограничување на правото на колективното преговарање и склучување на колективните договори со ограничување на нивната содржина, а преку целосно дискреционо право на Министерството за финансии да не даде согласност за колективните договори од јавниот сектор кога со договорот се предвидуваат фискални импликации за Буџетот на државата, не е во согласност со општите меѓународни стандарди на колективното договарање и со член 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, како и со владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.*

**23.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.121/2023 од 30 октомври 2024 година го укина параграф 4 алинеја 1 од Правилото за сместување и ред во Армијата на Република Македонија, заведено под бр. 02-295/1 од 16.07.2012 година, донесено од началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

СЕНТЕНЦА: *Со донесувањето на оспорената одредба началникот на Генералштабот на АРМ ги пречекорил своите законски овластувања и се ставил во улога на законодавец бидејќи уредувањето на условите под кои може да се оствари правото на слободно вршење на верски обреди во рамки на вооружените сили претставува исклучиво "materia legis" и во никој случај не може да се регулира со подзаконски акт.*
*Оттука, оспорената одредба од Правилото „се забранува вршење на верски обреди“ е спротивна на член 54 ставови 1 и 4 и член 118 од Уставот, спротивна на темелните вредности на уставниот поредок: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеење на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, како и спротивна на членовите 3, 8 и 20 од Законот за правна положба на црквата, верска заедница и религиозна група.*

**24.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.170/2024 од 30 октомври 2024 година го укина Правилникот за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар, донесен од Управниот одбор на Институтот за сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, У.О бр.0202/329 од 25.05.2023 година, У.О бр.0202/366 од 29.06.2023 година и У.О бр.0202/009 од 18.01. 2024 година.

СЕНТЕНЦА: *Донесување подзаконски акт, без законско овластување, е спротивно на принципот на владеење на правото.*

**25.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.2/2024, 3/2024 и 203/2023 од 20 ноември 2024 година утврди неуставност и незаконитост на член 8 став 2 во деловите „кои се прибираат” од Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Северна Македонија” број 147/2023 и 286/2023), во време на важењето. Оваа одлука има правно дејство на одлука со која се поништува член 8 став 2 во деловите „кои се прибираат” од Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.147/2023 и 286/2023) и ја запре постапката за оценување на уставноста на член 8 став 1 од Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Северна Македонија” број 147/2023 и 286/2023).

СЕНТЕНЦА: *Уредениот правен режим на примена на изменетите правила, дефиниран со член 8 став 2 во деловите „кои се прибираат” од оспорениот правилник, не ја обезбедува правната сигурност и легитимните очекувања на граѓаните во ост-*

*варувањето на нивните права настанати пред влегувањето во сила на новиот Правилник, поради што, оспорениот член од Правилникот не е во согласност со одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 и член 52 став 4 од Уставот, во време на важењето.*

**26.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.181/2023 од 4 декември 2024 година ја поништи Одлуката за основање на друштво со ограничена одговорност, бр.08-31/11 од 24.08.2023 година, донесена од Советот на Општина Вевчани („Службен гласник на Општина Вевчани“ бр.10/2023).

СЕНТЕНЦА: *Од причина што Советот на Општина Вевчани со оспорената одлука без правен основ презел надлежност да основа трговско друштво коешто ќе врши трговска дејност и донел акт надвор од законски утврдените овластувања, оспорената одлука е спротивна на Законот за локалната самоуправа, а согласно тоа спротивна и на темелната вредност на уставниот поредок - начелото на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и член 51 од Уставот.*

**27.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.190/2024 од 11 декември 2024 година го укина член 2 став 3 во делот „ а до навршени 65 години живот“ од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/2021), донесен од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија.

СЕНТЕНЦА: *Со оспорената одредба со која се предвидува исклучување на граѓаните од пристапот до остварување на правото на гарантирана минимална помош, поради возрасната граница, со што субјектите се ставаат во состојба на нееднаквост и на правна несигурност и се повредува уставниот принцип на владеењето на правото и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел.*

**Б. Акти на совети на општини укинати/поништени по предмети оформени по сопствена иницијатива на Судот**

Во 2024 година, Судот по предмети оформени по сопствена иницијатива, донесе одлуки со кои укина/поништи одредби од статути на општини во кои се содржат одредби што се однесуваат на автентично толкување на општи акти.

**1.** Уставниот суд со Одлука У.бр.157/2023 од 24 јануари 2024 година го поништи насловот на поглавјето „Автентично толкување на општи акти” и членовите 108, 109, 110 и 111 од Статутот на Општина Сарај („Службен гласник на Општина Сарај” број 14/2006, 36/2021 и 6/2022).

СЕНТЕНЦА: *Советот на општината нема законско овластување да дава автентично толкување на прописите коишто ги донесува, ниту пак Законот за локална самоуправа упатува на можност во друг акт (статут или деловник на општина) да се предвиди автентично толкување на општи акти. Оттука,*

*Советот на општина Сарај ги пречекорил, односно ги надминал своите надлежности предвидени во Законот, поради што одредбите што се однесуваат на автентично толкување на општи акти се незаконити и спротивни на принципот на владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот.*

**2.** Уставниот суд со Одлука У.бр.156/2023 од 31 јануари 2024 година го укина поглавјето „Автентично толкување на општи акти“ и членовите 78л, 78љ, 78м и 78н од Статутарната одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров бр.07-1330/5 од 23.05.2012 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” број 6/2012).

СЕНТЕНЦА: *Органите на локалната власт немаат законска основа за давање автентично толкување, не може во деловник или статут изворно да се уредува овој институт и процедура за истиот. Оттука, поради што Советот на Општина Ѓорче Петров ги пречекорил своите законски овластувања оспорените одредби се незаконити, а со тоа и спротивни на темелната вредност на уставниот поредок - начелото на владеење на правото согласно кое во правниот поредок треба да егзистираат правно усогласени прописи со Уставот и со законите.*

**3.** Уставниот суд со Одлука У.бр.158/2023 од 31 јануари 2024 година го укина член 49-б алинеја 2 од Статутот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ 16/2005, 8/2010, 17/2011, 18/2013, 13/ 2014, 1/2015 и 12/2015)

СЕНТЕНЦА: *Со оспорената одредба од Статут со која се предвидува дека Комисијата за прописи и административни работи ги разгледува барањата за давање автентични толкувања и изготвува предлози на автентични толкувања на одлуките и други општи акти што ги донесува Советот, Советот на Град Скопје ги пречекорил, односно ги надминал своите надлежности предвидени во Законот за локалната самоуправа, поради што оспорената одредба е спротивна на темелната вредност на уставниот поредок - начелото на владеење на правото.*

* * *

Уставниот суд на работен состанок одлучи да оформи предмети по сопствена иницијатива, поради основано сомнение за неуставност и незаконитост на деловници (или нивни одредби) на совети на општини што се однесуваат на поднесување барање за давање на автентично толкување на прописите и насловите „Автентично толкување на општи акти“.

Во текот на 2024 година, Судот донесе 67 одлуки со кои ги укина одредбите од деловниците на советите на општините што се однесуваат на давање на автентично толкување на прописите, притоа заземајќи ист став и со исто образложение.

**1.** Уставниот суд со Одлука У.бр.28/2024 од 27 март 2024 година ги укина: точка 9. Автентично толкување на општи акти и членовите 116, 117, 118 и 119, содржани во поглавјето VIII.Постапка за донесување на општите акти од Деловникот на Советот на Општина Бутел, број 07-364 од 19.07.2005 година, објавен во „Службен гласник на Град Скопје" број 8/2005.

СЕНТЕНЦА: *Уредување на одредби за автентично толкување на општи акти во деловник или статут на општина, без законски основ, е неуставно и незаконито, следствено, уредување на право на член на совет на општина на седниците на советот да поднесува барање за давање на автентично толкување на прописите, е неуставно и незаконито.*

Идентични одлуки се донесени и по предметите: У.бр.54/2024, У.бр.13/2024, У.бр.38/2024, У.бр.78/2024, У.бр.27/2024, У.бр.66/2024, У.бр.49/2024, У.бр.14/2024, У.бр.18/2024, У.бр.20/2024, У.бр.26/2024, У.бр.46/2024, У.бр.57/2024, У.бр.60/2024, У.бр.70/2024, У.бр.15/2024, У.бр.55/2024, У.бр.81/2024, У.бр.19/2024, У.бр.33/2024, У.бр.24/2024, У.бр.45/2024, У.бр.56/2024, У.бр.61/2024, У.бр.71/2024, У.бр.80/2024, У.бр.17/2024, У.бр.34/2024, У.бр.41/2024, У.бр.53/2024, У.бр.67/2024, У.бр.29/2024, У.бр.35/2024, У.бр.42/2024, У.бр.59/2024, У.бр.62/2024, У.бр.69/2024, У.бр.77/2024, У.бр.25/2024, У.бр.36/2024, У.бр.51/2024, У.бр.73/2024, У.бр.47/2024, У.бр.50/2024, У.бр.64/2024, У.бр.75/2024, У.бр.21/2024, У.бр.32/2024, У.бр.40/2024, У.бр.43/2024, У.бр.68/2024, У.бр.82/2024, У.бр.25/2024, У.бр.39/2024, У.бр.48/2024, У.бр.63/2024, У.бр.12/2024, У.бр.22/2024, У.бр.76/2024, У.бр.52/2024, У.бр.37/2024, У.бр.72/2024, У.бр.79/2024, У.бр.16/2024, У.бр.44/2024 и У.бр.58/2024,

## 2. РЕШЕНИЈА ЗА НЕПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА

Во текот на 2024 година Уставниот суд со решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на закони, односно уставноста и законитоста на подзаконски акти заврши **58 предмети**.

Од овие предмети, како покарактеристични ги издвојуваме следниве:

**1.** Уставниот суд со Решението У.бр.114/2023, У.бр.115/2023, У.бр.117/ 2023, У.бр.118/2023, У.бр.123/2023, У.бр.126/2023, У.бр.127/2023, У.бр.130/ 2023, У.бр.133/2023, У.бр.134/2023, У.бр.137/2023, У.бр.141/2023, У.бр.160/ 2023, У.бр.188/2023 и У.бр.194/2023 од 10 јануари 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/2023) во целина и посебно на членовите 1, 2, 3, 4 и 5 и на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/ 2023).

СЕНТЕНЦА: *Со ограничувањето на висината на казнената камата до висината на износот на главниот долг не се повредува правото на сопственост на доверителите, од причина што истите не се стекнале со правото на сопственост на идна и*

*неизвесна ствар, а дотолку повеќе што со оспорениот член од Законот не го губат правото на казнена камата, само се ограничува висината на износот на казнената камата што е право на законодавецот да го уреди.*

*Со утврдувањето на општиот рок на застареност од 5 години не се повредуваат уставните начела поради што утврдувањето на роковите за застареност е право и оценка на законодавецот којшто практично, со оспорената одредба воведува единствено, унифицирано уредување на општиот рок за застареност од 5 години.*

*Заложбата на законодавецот при нормативното уредување со оспорените одредби да спречи и постоење на економска експлоатација на должниците во облигационо-правните односи е во насока на најлесен пристап до правата со цел постигнување на баланс, рамнотежа на побарувањата од двете страни во правните односи.*

*При нормирањето на оспорените одредби на член 1 од двата закони законодавецот го има во вид постоењето на т.н. duplum (двојна количина) правилото кое се заснова на размислувањето на јавната политика за заштита на должникот од финансиска експлоатација од страна на доверителите. основна задача на законодавецот е да одреди начин и правила со кои се остваруваат должниковите парични обврски и истовремено заштита на паричната обврска на должникот со цел да се постигне рамнотежа во односите. Со укинувањето забрана ultra alterum tantum за текот на казнената камата не се засега во стекнатите права, ниту пак се нарушува начелото на легитимни очекувања поради што оспореното законско решение е во согласност со член 8 став 1 алинеја 6 и член 30 од Уставот.*

*Во конкретниот случај станува збор за законска, казнена камата која настанува по сила на Законот и истата постои без исклучок кога должникот ќе задоцни со враќањето на главниот долг. Во секој правен однос законски се уредени еднакви услови за одвивање на односите, така што со оспореното решение во првите членови на оспорените закони, не се поттикнува монополско однесување од страна на законодавецот, ниту се доведуваат во дискриминирачки и нееднаков однос субјектите кои во соодветните односи се јавуваат како должници, поради што не може да се постави прашањето за нејзината согласност со член 55 став 2 од Уставот.*

**2**. Уставниот суд со Решението У.бр.129/2023 и У.бр.132/2023 од 7 февруари 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/2023) и ги отфрли иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот.

СЕНТЕНЦА: *Оспорената одредба претставува завршна одредба, при чиешто нормирање законодавецот го применил своето право да одлучи Законот да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.*

*Тоа што во случајот, законодавецот не предвидел одложено влегување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување за најмалку 6 или 12 месеци, не го прави оспорениот член 2 од истиот закон, несогласен со член 52 став 3 од Уставот. Во конкретниот случај, испочитуван е уставно утврдениот момент кога законот може да влезе во сила во услови кога не се предвидува vacatio legis, па според тоа, не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената законска одредба од член 2 од Законот со член 52 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**3.** Уставниот суд со Решението У.бр.103/2022 од 14 февруари 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 78-г од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/5018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/2019, 18/2020, 279/2020, 227/2022, 111/2023 и 115/2023).

СЕНТЕНЦА: *Со уредувањето во оспорениот член не се заобиколува целокупната законска постапка пропишана со Законот за градење кој се однесува на постапка за издавање одобрение за градење, бидејќи субјектите коишто изградиле објекти без одобрение за градење не се доведуваат во поповолна положба над останатите субјекти коишто изградиле објекти со одобрение за градење согласно со Законот (или се во постапка за добивање одобрение), од причина што, за добивање на одобрение за градење за овие градби се доставува документација и се применува законски пропишана постапка која се применува за сите видови градби за кои се издава одобрение за градење. Правото на судска заштита на заинтересираните лица (соседи) да изјават жалба и да поведат управен спор против нелегално изграден објект чиешто одобрение за градење не станало правосилно не се дерогира бидејќи со ниту една одредба од Законот не е исклучен ова право.*

**4.** Уставниот суд со Решението У.бр.100/2022 од 21 февруари 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 35 став 1 во деловите „во рок од десет години" и „шест години" и став 2 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" број 95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016, 178/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/2021 и 111/2023).

СЕНТЕНЦА: *Оспорената одредба од Законот не уредува прашање за ограничување на правото на сопственост и правата коишто произлегуваат од неа, туку напротив уредува прашање за враќање на недвижноста на поранешниот сопственик по донесено правосилно решение за експропријација согласно роковите предвидени во став 1 и став 2 на членот од Законот, па оттука, со оспорените делови „во рок од десет години" и „шест*

*години“ содржани во член 35 став 1, вклучително и став 2 на членот од Законот, не се врши ограничување на сопственоста.*

**5.** Уставниот суд со Решението У.бр.50/2023 од 17 април 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 став 1 во делот „кои ги управува управата за јавни приходи“ и став 2 од истиот член во делот „доколку истите со закон се доверени да ги управува Управата за јавни приходи“ од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006, 145/2007, 21/2008, 88/2008, 159/2008, 23/2009, 76/2009, 105/2009, 133/2009, 145/2010, 171/2010, 53/2011, 166/2011, 39/2012, 84/2012, 187/2013, 15/2015, 97/2015, 129/2015, 154/2015, 23/2016, 35/2018, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 79/2020, 290/2020 и 247/2022), и членовите од 53 до 78 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорените одредби не се повредува принципот на еднаковост на граѓаните бидејќи во конкретниот случај не може да стане збор за различен третман на лица кои се наоѓаат во иста правна и фактичка состојба по основ на нивните права и обврски, бидејќи Законот за даночна постапка со уставен основ уредува една даночна обврска и даночен долг кој по природата и карактеристиките е различна и различно се третира во дејствијата и постапката по нив од даночната обврска и долг, постапката и дејствијата уредени со Законот за даноците на имот. Нивната правна природа е различна, нивната уставна основаност е различна, и во никој случај не може да се прифати тврдењето дека по правниот режим на двата закони, граѓаните се наоѓаат во идентична правна и фактичка положба во однос на нивните права и обврски.*

**6.** Уставниот суд со Решението У.бр.122/2024 и У.бр.123/2024 од 15 мај 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите и Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/2024).

СЕНТЕНЦА: *Со намалувањето на коефициентите за пресметување на платите на судиите и членовите на Судскиот совет не се загрозува уставно загарантираната независност и самостојност на судството. Ова од причина што законодавецот при уредувањето на платите на судиите, односно со намалувањето на коефициентите за пресметка на платата на судиите за 13%, водел сметка да не се наруши материјалната сигурност на судиите и износот на нивните плати по измената на Законот за плати да не се намали во споредба со платите што ги добивале судиите пред направената измена, којашто разлика е компензирана со годишното усогласување на платите со порастот на просечната плата што служи како основица за пресметување на основната плата на судиите. Според тоа, и со вака намалена основица, поради пресмета-*

*ниот пораст на просечната плата, судиите и понатаму земаат плата што одговара на нивниот општествен статус и улога и на дигнитетот на судиската функција, нивната материјална сигурност не е влошена, ниту е загрозена, бидејќи тие и понатаму влегуваат во групата на јавни функционери кои примаат највисоки плати во земјата. Намалувањето на коефициентот за пресметување на платите на судиите е извршено врз основа на закон, во јавен интерес, заради справување со последиците од економската и финансиската криза во земјата. Намалувањето на коефициентите за исплата на платите на судиите претставува објективно и разумно вмешување во правото на сопственост што го налага ситуацијата на економската криза, дека со нив се остварува правична рамнотежа (фер баланс) помеѓу јавниот интерес – балансирање на државниот буџет во услови на економска криза заради нејзино надминување и приватниот интерес – заштита на правото на сопственост на поединците.*

**7.** Уставниот суд со Решението У.бр.131/2024 и У.бр.143/2024 од 20 јуни 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на јавните обвинители и Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/2024).

СЕНТЕНЦА: *Со намалувањето на коефициентите за пресметување на платите на јавните обвинители и членовите на Советот на јавните обвинители, не се загрозува уставно загарантираната независност и самостојност на јавното обвинителство од причина што законодавецот при уредувањето на платите на јавните обвинители, односно со намалувањето на коефициентите за пресметка на платата на јавните обвинители, водел сметка да не се наруши материјалната сигурност на јавните обвинители и износот на нивните плати по измената на Законот за плати да не се намали во споредба со платите што ги добивале јавните обвинители пред направената измена, којашто разлика е компензирана со годишното усогласување на платите со порастот на просечната плата која што служи како основица за пресметување на основната плата на јавните обвинители. Намалувањето на коефициентот за пресметување на платите на јавните обвинители е извршено врз основа на закон, во јавен интерес, заради справување со последиците од економската и финансиската криза во земјата. Оттаму, не може да се постави прашањето за согласноста на оспорениот закон со начелото на владеење на правото и поделбата на власта од член 8 став 1 алинеи 3 и 4, како и со принципот на самостојност и независност на јавното обвинителство согласно став 1 член 106 од Уставот.*

**8.** Уставниот суд со Решението У.бр.6/2024 од 9 октомври 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 242 став 1 во делот „семејна“ од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен

весник на Република Македонија” бр.98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014,188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016, 132/2016, 35/2018, 220/2018, и 245/2018, и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.180/2019, 275/2019, 31/2020, 267/2020, 67/2022 и 79/2023).

СЕНТЕНЦА: *Уставниот принцип „сите се еднакви пред законот" го обврзува законодавецот да не внесува одредби во кои се прави разлика меѓу луѓето, како и обврска за органите и другите субјекти еднакво да ги применуваат законите што значи во исти случаи да донесуваат исти одлуки, водејки грижа за особеностите на случајот и негово индивидуализирање.*
*Оттука, неосновани се наводите во иницијативата дека со оспорена законска одредба се воспоставува нееднаквост меѓу корисниците на секој друг вид пензија (старосна или инвалидска) кои имаат деца со пречки во психофизичкиот развој да не можат да го остварат правото на надоместок на трошоците за сместување и исхрана за време на стручно, односно работно оспособување за разлика од корисниците на семејна пензија кои имаат деца со пречки во психофизичкиот развој кои имаат право на овој надоместок, со што оспорената одредба е во согласност со начелото на социјална правда и хуманизам, пропишано со член 8 став 1 алинеја 8 и начелото на еднаквост, пропишано со член 9 од Уставот.*

**9.** Уставниот суд со Решението У.бр.102/2024 од 9 октомври 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на делот „Доколку не се приложат изјавите за согласност за исправка на грешка или постоењето на истата се утврди во постапка по службена должност, направената грешка не се отстранува, а постоењето на грешката се прибележува во имотниот лист, со потврда за запишување на промена.“ од член 209 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/ 2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/2019).

СЕНТЕНЦА: *Член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 6, член 9 став 2, член 30 ставови 1 и 2 и членот 51 од Уставот не се повредуваат со определбата на законодавецот Катастарот да не може да направи исправка на грешка при состојба кога не се приложува изјави за согласност за исправка на грешка, туку само да ја констатира таква грешка и да ја прибележи во имотниот лист. Ова од причина што Катастарот е орган кој востановува и одржува податоци само врз основа на правните основи утврдени со закон. Агенцијата за катастар на недвижности како орган надлежен за воспоставување и одржување на Катастарот нема надлежност да го решава настанатиот спор и не располага со механизми за присилување и постигнување согласност на волја за вакви случаи.*

**10.** Уставниот суд со Решението У.бр.182/2024 од 30 октомври 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 10 став 4 во делот „со исклучок на тоа дека на Стратешкиот партнер ќе му биде дозволено да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на Проектот штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот” од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” број 163/2021 и 111/2023).

СЕНТЕНЦА: *Републиката според член 57 од Уставот го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и регионален развој како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја, а во конкретниот случај законодавецот со оспореното законско решение содржано во член 10 став 4 од Законот оценил за потребно да го забрза процесот на изградба на патните коридори. Целисходноста на ваквото законско решение е проценка на законодавецот, а од уставно-правен аспект суштинско е дека оспорениот исклучок не значи повреда на владеењето на правото и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како темелни вредности на уставниот поредок, од причини што давањето можност Стратешкиот партнер да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на Проектот штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот, не значи и отсуство на документација којашто во секој случај мора да биде приложена.*

**11.** Уставниот суд со Решението У.бр.130/2024 од 4 декември 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 точките 6, 7 и 11, член 3, член 4 ставови 2 и 8, член 38-а ставовите 5, 6, 7 и 8 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2006, 127/2006, 136/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 54/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 32/2014, 31/2015, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 57/2017, 67/2017, 125/2017, 35/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019, 98/2019, 146/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/2020, 72/2020, 160/2020,74/2021, 215/2021), член 17 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.58/2024) и оценување на уставноста и законитоста на глава XII од Упатството за начинот и постапката за поднесување, прием и потврдување на кандидатските листи за избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија бр.08-489/1 од 14.02.2024 година.

СЕНТЕНЦА: *Право на законодавецот е, почитувајќи ги уставните гаранции за избирачкото право, начелото на еднаквост, начелото на политички плурализам и слободни и демократски*

*избори како и имајќи ги предвид прифатените изборни модели во државите, да го утврди изборниот модел. Кој изборен модел ќе се применува се определува со закон од страна на Собранието на Република Северна Македонија, односно Уставот не го уредува ова прашање поради што со оспорените одредби од член 4 ставови 2 и 8 не се повредува член 22 од Уставот каде што е дадено право на секој да бира и да биде избран.*
*Остварувањето на изборното пасивно и активно право, загарантирано со Уставот и доуредено со Изборниот законик, не се повредува со направената промена наместо 1000 потписи од избирачи да се бара 1% од запишани избирачи за остварување на право на кандидирање поради што оспорениот член 17 е во согласност со член 22 и член 62 став 5 од Уставот бидејќи изборниот модел, потребниот број на избирачи (за парламентарните избори) е прашање од областа на законодавната власт.*

**12.** Уставниот суд со Решението У.бр.91/2021 од 17 април 2024 не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката донесена од Советот на Општината Неготино бр. 08-76/7 од 14.03.2017 година за утврдување на Урбанистички план вон населено место Дуброво и Тремник (КО Дуброво, КО Тремник), Општина Неготино.

СЕНТЕНЦА: *Не се повредува темелната вредност на уставниот поредок владеење на правото предвидена во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот од причина што испочитувани се сите фази на постапката за донесување на Урбанистички план вон населено место како што предвидува Законот за просторно и урбанистичко планирање кој важел во време на донесувањето, како и одредбите од Законот за земјоделско земјиште.*

**13.** Уставниот суд со Решението У.бр.137/2022 од 3 јули 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1 и член 4 од Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Градот Скопје, како и Одлуката во целина, донесена од Советот на Град Скопје, број 07-3395/1 од 04.12.2008 година, објавена во „Службен гласник на Град Скопје" број 17/2008.

СЕНТЕНЦА: *Вршењето на дејност паркирање, преку давање на паркинг услуги, односно комерцијално стопанисување со паркиралишта со цел нивно користење од неопределен број граѓани, претставува комунална дејност од јавен интерес.*
*Сопственикот на ствар во приватна сопственост (движна или недвижна), подлежи на правила за начинот на користење и располагање со таа ствар, утврдени во прописи на органите на јавната власт, доколку дејноста којашто ја врши претставува дејност од јавен интерес.*

**14**. Уставниот суд со Решението У.бр.86/2023 од 12 септември 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 став 1 точка 1 од Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат ќесите за носење на стоки, начинот на пуштање

на пазар на биоразградливи ќеси од страна на трговци, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/21) и член 1 од Правилникот за изменување на Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат ќесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи ќеси од страна на трговци, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.112/23).

СЕНТЕНЦА: *Со деталното уредување на дефиницијата на „ќесите за носење на стоки“ во оспорениот правилник, министерот за животна средина и просторно планирање не излегол надвор од овластувањата дадени во Законот за управување со пакување и отпад од пакување. На ваков начин се прави разграничување на ќесите за носење на стоки кои имаат најголемо влијание врз животната средина, за разлика од ќесите за носење кое се користат за друга намена која не влегува во секојдневна употреба. Оттука, оспорените одредби се во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеја 10, член 43, член 51, член 110 алинеи 1 и 2 и член 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 6 став 1 точки 6, 7, 8 и 9 и член 10 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.*

**15.** Уставниот суд со Решението У.бр.88/2024 од 9 октомври 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 став 1 алинеја 1 од Тарифата за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање на примарна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија” број 199/2019), донесена од министерот за правда, број 01-4047/1 од 26.09.2019 година.

СЕНТЕНЦА: *Законски утврденото право на надоместок за дадената примарна правна помош е разработено со оспорената одредба од Тарифата за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники на начин што надоместот се определува во бодови. Уредувањето во оспорената одредба од Тарифата е во функција на разработка на одредбите од Законот со кои се определува надомест на трошоците за работа на здружението и правната клиника за дадената примарна правна помош и е во согласност со владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок.*
*Оттука, неосновани се наводите во иницијативата за согласноста на оспорената одредба со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот и со член 8 став 2 од Законот за бесплатна правна помош.*

**16.** Уставниот суд со Решението У.бр.165/2023 од 11 декември 2024 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за определување и промена на имињата на улици и плоштади на подрачјето на Град Скопје бр. 27-2792/1, во деловите под реден број 138, 232, 244 и 417, донесена на 67-та седница на Советот на Град Скопје, одржана на 30 март 2021 година и објавена во Електронскиот службен гласник на Град Скопје бр.4/2021.

СЕНТЕНЦА: *Сите законски услови предвидени во Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти се исполнети поради што од формален аспект одлуката чии делови се оспорени не може да се проблематизира од аспект на уставност и законитост.*
*Согласно одредбите на овој закон, името на улица може да биде име и на истакната личност од областа на историјата, науката и културата, како што е и во конкретниот случај. Оттука и од материјален аспект, оспорените делови на наведената одлука се во согласност со член 1, член 3 ставови 1 и 2, член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот и член 6 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.*

## 3. БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИ И ПРАВА

Во текот на 2024 година, до Судот беа поднесени вкупно **12 барања** за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Од поднесените барања за заштита на слободи и права во текот на 2024 година, 6 (шест) барања се однесуваат на заштита од дискриминација (по основ на социјална, национална и политичка припадност и по пол), 2 (две) барања се однесуваат на заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, останатите барања се однесуваат на слободата на движење, право на информирана согласност, право на правично судење и право на сопственост.

Судот, во текот на 2024 година, реши **4 предмети** за заштита на слободите и правата (од кои три се примени во 2023 година и еден во 2024 година).

Решените барања за заштита на слободите и правата се однесуваат на заштита од дискриминација врз основа на: национална и социјална припадност и заштита на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

Од вкупниот број решени барања за заштита на слободите и правата, Судот донесе **две одлуки** со кои утврди повреда, **1 (една) одлука** со која се одби барањето и **1 (едно) решение** со кое беше отфрлено барањето поради постоење процесни пречки за одлучување и ненадлежност.

**1.** По предметот У.бр.11/2023 од 10 јануари 2024 година, Судот донесе Одлука со која **го уважи барањето и утврди повреда** на слободата на мислата и јавното изразување на мислата на барателот, сторена со пресуди на Основниот граѓански суд Скопје и на Апелациониот суд Скопје.

СЕНТЕНЦА: *Подносителот на барањето, како новинар бил оневозможен да ги изрази своите мислења и идеи без страв, на начин што од страна на државата преку судските пресуди е*

*пропуштено да ја исполни својата позитивна обврска, да го заштити и да му овозможи да ја информира јавноста за настаните во Собранието, со што е сторена повреда на слободата на мислата и јавното изразување на мислата на барателот. Оттука, државата, во вонредни и насилни околности, го повредила правото на слободно изразување на мислата, гарантирано со член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и член 16 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**2.** По предметот У.бр.26/2023 од 7 февруари 2024 година, Судот донесе Одлука со која го **уважи барањето и утврди повреда** на слободата на мислата и јавното изразување на мислата на барателот.

СЕНТЕНЦА: *Подносителот на барањето, како новинар бил оневозможен да ги изрази своите мислења и идеи без страв, на начин што од страна на државата преку судските пресуди е пропуштено да ја исполни својата позитивна обврска, да го заштити и да му овозможи да ја информира јавноста за настаните во Собранието, со што е сторена повреда на слободата на мислата и јавното изразување на мислата на барателот. Оттука, државата, во вонредни и насилни околности, го повредила правото на слободно изразување на мислата, гарантирано со член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и член 16 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**3.** По предметот У.бр.159/2023 од 20 јуни 2024 година, Судот донесе Одлука со која го **одби барањето** на подносителот на барањето за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на национална и социјална припадност сторена со пресудите на Основен суд Битола и на Апелационен суд Битола.

СЕНТЕНЦА: *Првостепениот и второстепениот суд постапувајќи во рамки на своите надлежности со примена на релевантните законски одредби, ги засновале своите одлуки на оценка за релевантните факти и ги донеле оспорените пресуди, а подносителите на барањето пред Судот не презентираа докази кои ќе укажат каде судот имал различен третман и одлучил поинаку во иста или слична ситуација за да ја докаже дискриминацијата на која се повикуваат поради што Судот оцени дека не постои повреда на слободите и правата со оспорените пресуди. Воедно, пред Судот не беа презентирани аргументи и докази во поткрепа на барањето кои Судот би ги ценел како компаратор, за евентуално утврдување на повреда на еднаквоста во слободите и правата поради дискриминација по основ на национална и социјална припадност, односно повреда во уживање на овие права или дискриминација по која било основа од страна на јавен орган, на кои се повикуваат подносителите, а  гарантирани со член 8 став 1 алинеја 1, член 9, член 110 алинеја 3 од Уставот и на член 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права и*

*основни слободи и член 1 од првиот Протокол кон Конвенцијата.*

**4.** По предметот <u>У.бр.108/2024</u> од 30 октомври 2024 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација по основ на национална и социјална припадност, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Во предметното барање не се наведени поединечни акти (конечен или правосилен поединечен акт) со кои се одлучува за некое од слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот за кое може да се бара уставно - судска заштита. Наведените дејствија во суштина се сведуваат на приказ на настани и случаи во одреден период, за кои настани подносителот смета дека со определени дејствија од страна на полициски службеници и други лица му била сторена повреда на слободите и правата, и како такви не можат да претставуваат дејствија коишто имаат директен, одлучувачки карактер за ограничување на слободите и правата. Воедно, ако се има во вид времето односно датата на преземените дејствија на кои се повикува подносителот на барањето, Судот утврди дека барањето на подносителот е неблаговремено односно истото е поднесено по истекот на рокот од 60 дена, предвидени во член 53 од Актот. Оттука, во конкретниот случај не се исполнети процесните претпоставки од член 56 од Деловникот на Уставниот суд за впуштање во мериторно постапување и одлучување по барањето за заштита на слободите и правата и како резултат на оваа правна ситуација се исполнети условите од член 28 став 3 од Деловникот на Уставниот суд за отфлање на барањето.*

## 4. ПРЕДЛОЗИ ЗА РЕШАВАЊЕ СУДИР НА НАДЛЕЖНОСТИ

Во текот на 2024 година, до Судот беа поднесени 3 (три) предлози за решавање судир на надлежности врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Од поднесените предлози за решавање судир на надлежности во текот на 2024 година, сите предлози се однесуваат на решавање судир на надлежности меѓу носителите на законавната и извршната власт.

Судот, во текот на 2024 година, реши **2 предмети** за решавање судир на надлежности од кои еден е примен во 2023 година и еден во 2024 година.

Решените предлози за решавање судир на надлежности се однесуваат на судир на надлежности меѓу носителите на извршната и судската власт и на судир на надлежности меѓу носителите на законодавната и извршната власт.

Од решените предлози за решавање судир на надлежност, Судот донесе **една утврдувачка одлука** со која го утврди надлежниот орган и

**едно решение** со кое го отфрли предлогот за решавање судир на надлежност.

**1.** По предметот У.бр.177/2023 од 10 јули 2024 година, Судот донесе Решение со кое **го отфрли предлогот** за решавање судир на надлежност меѓу Основниот суд Охрид и Министерството за правда, за одобрување трансфер во соодветна казнено-поправна установа во Република Бугарија.

> СЕНТЕНЦА: *За да постои судир на надлежност потребно е да постојат два правосилни или конечни акти со кои два органи се прогласуваат за надлежни или ненадлежни. Во конкретниот случај, Основниот суд Охрид со Решение се огласил за стварно ненадлежен за одлучување по барањето, а Секторот за меѓународна правна помош при Министерството за правда со писмо го извести Судот дека од страна на Министерството за правда не е донесено решение за прифаќање или одбивање надлежност. Оттука, постојат процесни пречки за да може Судот да се впушти во разрешување на прашањето кој орган има надлежност да постапува по барањето, поради што исполнети се условите од член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд за отфрлање на предлогот.*

**2.** По предметот У.бр.230/2024 од 11 декември 2024 година, Судот донесе **Одлука со која утврди** дека Комисијата за прашања на избори и именувања при Собранието на Република Северна Македонија е стварно надлежна да постапува по Барањето за остварување на правото на плата по престанок на функцијата на подносителот на предлогот.

> СЕНТЕНЦА: *Судот утврди дека основ за постапување по предлогот во конкретниот случај претставува постоењето на еден конечен и еден правосилен акт со кои два органи, едниот на законодавната, а другиот на извршната власт, се огласиле за ненадлежни, односно постои негативен судир на надлежност со што е нарушено законски утврденото право на подносителот.*

## 5. ИЗДВОЕНИ МИСЛЕЊА

Во текот на 2024 година во однос на донесени одлуки и решенија на Судот, согласно член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021) и член 34 став 1 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.115/2024), беа издвоени и писмено образложени 17 издвоени мислења на судии и тоа во предметите:
У.бр.192/2023 и У.бр.193/2023; У.бр.103/2022; У.бр.93/2023; У.бр.100/2023; У.бр.52/2022; У.бр.92/2023; У.бр.80/2023; У.бр.83/2023, У.бр.96/2023 и У.бр.111/2023; У.бр.13/2024; У.бр.122/2024 и У.бр.123/2024; У.бр.131/2024 и У.бр.143/2024; У.бр.90/2024 (за решение за поведување и за одлука за укинување); У.бр.102/2024; У.бр.182/2024; У.бр.179/2023, У.бр.183/2023, У.бр.187/2023, У.бр. 190/2023 и У.бр.197/2023; У.бр.130/2024.

## V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ

Уставниот суд ја информира јавноста за сите активности во работењето преку официјалната веб-страница (http://ustavensud.mk/).

Информациите се објавуваат и на службениот фејсбук-профил на Уставниот суд (https://www.facebook.com/ustaven.oficijalna.stranica/), а во исто време истите содржини ги добиваат повеќе од 200 новинари и медиуми во државата преку нивните мејл-адреси. Седниците и јавните расправи се отворени за јавноста и секој може да присуствува. Комуникацијата на Судот со граѓаните се одвива непосредно и директно преку портпаролот на Судот, Христина Беловска, која на дневна база одговара на телефонски повици, средби во Уставниот суд, преку мејл и пошта.

### 1. АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА УСТАВНИОТ СУД

Граѓаните можат да добијат информации од Уставниот суд на два начини, преку претходно поднесено барање/прашање и кога информациите се лесно видливи и достапни за јавноста. Проактивното објавување информации овозможува јавноста да биде навремено информирана за предметите кои се работат во Уставниот суд.

При објавувањето на информациите, Уставниот суд постапува по следните принципи:

- достапност;
- лесни за пронаоѓање/пребарување;
- кредибилност;
- јасност и разбирливост;
- редовно ажурирани;
- бесплатност.

### 1.1. АКТИВНОСТИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА УСТАВНИОТ СУД

Уставниот суд презема повеќе активности за зајакнување на транспарентноста чијашто крајна цел е зголемување на довербата на граѓаните во Судот.

Во втората половина на 2023 година, портпаролот-советник на Судот, Христина Беловска согласно статистиката на прашања и покриеност на Уставниот суд креираше прашалник за транспарентност кој беше дистрибуиран до медиумите.

Анкетата е заклучена на 10 јануари 2024 година со користење на комбиниран метод-теренски и онлајн, при што од страна на портпаролката и уште тројца советници беа посетени 10 редакции (МТВ, МИА, Канал 5, Алсат, ТВ 21, ТВ 24, Слободен печат, Мета, ПорталБ, Вистинометар), пред кои беше презентирана идејата за нивниот придонес и учество во стратешкото

комуницирање на Судот, кое е прилагодено на нивните потреби за полесно разбирање и пренесување на информациите.

Во анкетата учествуваа околу 90 претставници на медиуми, како дел од над 20 редакции во Република Северна Македонија. Дополнително, во текот на посетите новинарите даваа нивни мислења и предлози во форма на мини-интервјуа со прашања и теми кои не беа опфатени во анкетата. Резултатите од анкетата се објавени на:
https://search.app/ 3aMda2NyXmDi8D489

Голем дел од забелешките се имплементирани при изработката на новата веб-страница на Уставниот суд и се користени за подобрување на јасноста и разбирливоста на соопштенијата, организацијата на активности за информирање на јавноста.

### 1.1.1. Креирање на нова веб-страница на Уставниот суд

На 10 септември 2024 година Уставниот суд ја промовираше новата веб-страница (www.ustavensud.mk), изработена од страна на самостојниот советник Ивица Трајковски, по претходни консултации и план со советникот за односи со јавноста-портпарол, м-р Христина Беловска и по насоки од претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски.

Во насока на практицирање активна транспарентност и посеопфатно информирање на граѓаните за Уставниот суд, но и поради честите онлајн напади во текот на 2024 година, се јави потреба од создавање на нова, содржински збогатена и безбедна веб-страница.

Воведени се нови категории и поткатегории кои произлегоа од сугестиите од новинарите и спроведената анкета на Судот за транспарентноста од 2023/2024 година, вработените, како и од забелешките од странките кои комуницираа со канцеларијата за односи со јавност. На веб-страницата на Уставниот суд  за граѓаните достапни се сите одлуки и решенија на Судот од 1991 година до денес со што Уставниот суд продолжува да ја одржува репутацијата како еден од најдобро снабдените сајтови со судски одлуки во Република Северна Македонија.

Во 2024 година во менито на новата веб-страница додадена е нова категорија „Финансиска транспарентност”, преку која се овозможува преглед на Буџетот на Судот, детален увид во завршните сметки, јавните набавки и сите склучени договори.

Со цел да се оствари непосредно комуницирање на Судот со граѓаните воведена е поткатегоријата „Обратете се до претседателот на Судот”. Креиран е календар на активности, фотографија со целосниот состав на Судот е истакната на главната страница со идеја јавноста да се запознае со судиите кои ги носат одлуките, што впрочем претставува една од визуелните алатки за зголемување на кредибилитетот и авторитетот на Уставниот суд.

Во период од четири месеци, од септември, заклучно со 31 декември имало 46 060 посетители, а веб-страница е посетена 84 979 пати. Евиденти-

рани се 1.110.488 (еден милион сто и десет илјади и четиристотини осумдесет и осум) кликања низ содржините на ustavensud.mk.

Најголем број од посетите на веб-страницата се пренасочени преку социјалната мрежа Фејсбук (2935). Најпопуларен документ кој е симнат од веб-страницата на Судот е „Акт на Судот” (840 downloads), потоа „Устав” (349 downloads) и „Образец за поднесување на иницијатива за оценување на уставност и/или законитост” (241 downloads).

Во контекст на безбедносниот аспект, со оваа веб-страница Судот го подигна нивото на безбедност и сигурност на податоците, се прават континуирани ажурирања (update) на платформата (Wordpress) и на темата (twentytwentyfour), што не беше случај со претходната веб-страница, поради што беше подложна на постојани сајбер напади (застарена платформа) и пренасочувања на посетителите кон непостоечки линкови.

На формуларите за директно обраќање до Судот (Обратете се до претседателот на Судот (Google reCapture v3) е поставен сигурносен механизам за одбрана од потенцијални напади.

Со новата верзија на веб-страницата е зголемена видливоста на Уставниот суд кај најголемиот пребарувач (Google search), имплементиран е Local SEO (Search Engine Optimization), којшто овозможува при вметнување на клучни термини и фрази поврзани со мета податоци со следната содржина „суд, уставен, устав, акт, седница, предмет, реферат”, веб-страницата да се појавува почесто и приоритетно над останатите судови или веб портали, кај оние кои ги пребаруваат горенаведените термини.

## 1.2. ГОВОРНИ И ПИШАНИ ТЕХНИКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА

Во текот на 2024 година во Уставниот суд се одржани осум тематски прес конференции. Во рамки на одржување на тековните активности и по завршување на седниците, поради интерес на медиумите за одредени прашања, дадени се осум изјави и единаесет интервјуа. Согласно принципите на транспарентноста кои овој Суд ги применува, а се во корелација со јавниот интерес, покрај секојдневните брифинзи на новинарите, одржани се тематски три брифинзи во Уставниот суд. Детален приказ на овие активности е содржан во „Прилог 1” како пропратен документ кој се доставува заедно со овој Годишен преглед.

### 1.2.1. Соопштенија

Во текот на 2024 година, објавени се вкупно 183 соопштенија на веб-страницата на Уставниот суд. Дополнително, Судот продолжи со праксата да известува за одржување на седници, при што дополнително и надвор од оваа бројка се објавени 30 соопштенија со Дневен ред, кои ги содржат информациите за оспорените акти, подносителите на информациите, дел од наводите на иницијативите. Вкупно објавени се 213 соопштенија, или 47 соопштенија повеќе од 2023 година кога на веб-страницата на Судот се објавени 166 соопштенија кои ги содржат седниците и останатите активности. Како вкупна бројка која ги вклучува сите канали на комуникација

(Веб страницата, Фејсбук профилот и мејл) Уставниот суд искомуницирал преку 434 соопшенија со граѓаните, не земајќи ги во предвид говорните алатки на комуникација, кои вклучуваат прес конференции, изјави и брифинзи. Детален приказ на овие активности е даден во дополнителен документ на овој преглед „Прилог 2“.

### 1.2.2. Објави на службениот фејсбук-профил на Уставниот суд

Службениот фејсбук-профил на Уставниот суд е креиран на 27 декември 2021 година и до крајот на 2024 година достигна до 1.904 следбеници (followers) и 1.300 допаѓања (likes), што се добиени по природен пат (organic) без спонзорирање на објави или на страницата.

Објавени се вкупно 221 објави (posts) и овој број е за 63,5% зголемен споредба со 2023 година, односно во 2024 година се објавени 81 објава повеќе од 2023 година. Насловите од објавените постови се приложени дополнително во пропратен документ насловен „Прилог 3”

Најголем интерес предизвикала објавата „Во тек е јавна расправа за поднесеното барање за слободи и права од Димитар” и дофатила 15.738 прегледи (луѓе кои ја прочитале веста), 19 споделувања (shares), која понатаму била споделена во уште поголем број, земајќи го предвид фактот дека 84% се профили кои не го следат Уставниот суд (non-followers). Втор пост којшто предизвикал голем интерес е „Остануваат во примена законските измени за облигациони односи и извршување, Уставниот суд не поведе постапка за да ги оценува.” од 10 јануари. Овој пост се појавил/ бил видлив за 5.789 Фејсбук корисници. Останатите објави во просек се појавувале и биле читани помеѓу 150 и 3.000 Фејсбук корисници.

Официјалната Фејсбук страница е следена од граѓани, медиуми, адвокати, правници вработени во судови, државни институции, именувани/ избрани лица (Државен инспекторат за животна средина, пратеници), поранешни уставни судии, организации (СОНК, Здружение за развој-Млади за јавен интерес, ЗНМ), меѓународни организации (Амбасада на Црна Гора во Македонија, Удружење адвоката Отвореног Балкана, Амбасада на Австрија во Скопје) итн.

## VI. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 60-ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА УСТАВНИОТ СУД

Долгогодишната традиција на уставното судство во различни државни системи и републики шест децении во континуитет, беше повод во текот на 2024 година Уставниот суд да организира и спроведе активности со кои ќе го одбележи значајниот јубилеј. За таа цел Судот прво подготви Комуникациски план и програма за спроведување на активностите, кој вклучуваше и соодветна поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Почетокот на активностите за одбележување на 60-годишниот јубилеј беше означен на 15 февруари, денот кога за прв пат почнал со работа првиот Уставен суд, со **промоција на автентична поштенска марка** на Судот, издадена за прв пат во историјата на уставното судство. По тој повод беше организирана и прес-конференција на која е презентирано логото на Уставниот суд, со коешто Судот доби оригинален визуелен идентитет.

Следна активност со која Судот го продолжи одбележувањето на 60-годишниот јубилеј со Мисијата на ОБСЕ во Скопје со **потпишување на Меморандум за разбирање**, на 20 февруари 2024 година со што се зацврсти соработката и се договори финансиска поддршка за организирање на Меѓународна конференција, издавање на Монографија на Судот и спроведување на обуки за советниците од областа на човековите права.

На 15 март 2024 година во Собранието на Република Северна Македонија се одржа **Меѓународна конференција** на која присуствуваа околу 150 домашни и гости од европскиот регион, на темата „Уставно-судска заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата". Воведно излагање дадоа претседателот на Судот, Добрила Кацарска, државниот врв и тоа: претседателот на Република Северна Македонија, Н.Е. Стево Пендаровски, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Н.Е. Талат Џафери и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Н.Е. Јован Митрески, министерот за правда и амбасадорите на ОБСЕ, САД, ЕУ, СР Германија. Во работниот дел свое излагање имаа претседатели и судии на уставни судови од Европа, професори и поранешни уставни судии по уставно право.

На Меѓународната конференција беше промовирана **Монографијата на Уставниот суд**, која содржи осврт на дејствувањето на Уставниот суд во изминатите 60 години, неговиот развој и влијание врз општествено-политичките околности.

На 30 април 2024 година во Уставниот суд беше организирана **крводарителска акција под мотото „Биди хуман - спаси живот"** во која учествуваа повеќе од половината вработени во Судот.

Како една од активностите за ребрендирање на Судот по повод големиот јубилеј е **создавање на нова веб-страница** која е збогатена со содржини кои се од голема важност за граѓаните, а се во насока на објективно информирање.

Во рамки на 60-годишниот јубилеј, Уставниот суд предводен од претседателот д-р Дарко Костадиновски ја продлабочи соработката со Правниот факултет при Универзитетот Јустинијан I во Скопје, со склучување на **Меморандум за соработка** на 12 јули 2024 година.

## VII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2024 година, Судот оствари меѓународна соработка, со учество на претставници од Судот на повеќе билатерални, регионални и мултилатерални настани. Истовремено, Судот продолжи да ја остварува веќе воспоставената соработка со Венецијанската комисија на Советот на Европа преку својот офицер за врски.

- Во периодот од 22 до 23 мај 2024 година, претседателот на Судот, Добрила Кацарска, присуствуваше и имаше активно учество на 19-от Конгрес на Конференцијата на европските уставни судови (CECC) што се одржа во Кишињев, Република Молдавија. Во рамките на Конгресот, се одржаа три пленарни сесии со фокус на односот помеѓу уставните и меѓународните судови, политиката и правото во корелација со надлежностите на уставните судови и примената на уставните принципи во вонредни ситуации кога се ограничуваат слободите и правата.

- Судијата д-р Јадранка Дабовиќ - Анастасовска во периодот од 17-18 октомври 2024 година учествуваше на Регионална конференција за човекови права и животна средина во Југоисточна Европа што се одржа Будва, Црна Гора. Во фокусот на Регионална конференција беа предизвиците, актуелните прашања и трендови за здрава животна средина, беа разменети мислења за механизмите и пристапите на остварување на правата поврзани со ова прашање. Се обработуваа теми од пристапот до еколошка правда, суштински човекови права (фокусирајќи се, меѓу другото, на урбаниот развој, заштитени подрачја, загадување, рударство и тешка индустрија, хидроенергија. Посебен осврт беше ставен на највисоките механизми со кои располагаат државите за заштита на овие човекови права како и пристапот до информации со кои располагаат институциите, со прашања поврзани со оваа област.

- Судиите проф. д-р Ана Павловска – Данева и м-р Фатмир Скендер, во периодот од 18 до 19 октомври 2024 година учествуваа на годишната Конференција за човекови права и пристапот на заштита на животната средина и идните генерации, во организација на Европскиот форум на судии за животна средина, што се одржа во Будимпешта, Унгарија.

Во фокусот на Конференцијата беа човековите права и животната средина и аспектите на остварување на овие права преку механизмите на заштита кои со кои располагаат државите. Беа дискутирани темите за последните случувања во политиката и правото на ЕУ за животна средина, пристапот за човекови права кон заштитата на животната средина и идните генерации на Европскиот суд за човекови права, улогата на Омбудсманот за идните генерации од аспект на заштита на правата за животна средина.

Во рамките на Конференцијата судиите остварија средби со проф. д-р Лук Лаврисен, претседател на Уставниот суд на Белгија и проф. д-р Мартин Ајферт, судија на Сојузниот Уставен суд на Германија, со кои

разменија мислења за унапредување на заштитата на правата за животна средина.

- Во периодот од 23 до 25 октомври 2024 година, делегација на Уставниот суд во состав од претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски, судиите м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева и д-р Осман Кадриу учествуваа на одржувањето на Втората годишна конференција на Балканскиот форум на Уставни судови што се одржа во Приштина, Република Косово. На оваа конференција, претседателот на Судот имаше свое обраќање на тема: „Уставните судови како чувари на демократските вредности и принципи: балансирање помеѓу извршна, законодавна и судска власт во современите држави“. Учесниците го разработија Статутот на организацијата, изготвија планови за структурата на Форумот, идентитетот и неговото влијание во државите, начинот на финансирање и воспоставување на контакти за координација на активностите од секој суд. Донесена е одлука следната годишна конференција да се одржи во Република Туркије, а Република Северна Македонија да биде домаќин на Балканскиот форум на уставни судови во 2026 година. На состанокот учествуваа претседатели и судии на уставните судови од Балканот кои се членки и набљудувачи на организацијата, меѓу кои претставници од судовите во Босна и Херцеговина, Бугарија, Туркије, Албанија, Косово.

Во рамките на одржувањето на овој настан во Приштина беше одбележан и 15 годишниот јубилеј од основањето на Уставниот суд во Косово, при што делегацијата на Уставниот суд оствариja билатерална средба со Уставниот суд на Косово.

Воедно, пред почетокот на Конференцијата на Балканскиот форум на уставни судови, делегацијата на Уставниот суд остварија средба со потпретседалот на Венцијанската комисија, проф. д-р Мартин Кауер на која претседателот на Судот го искажа задоволството за досегашната соработка и поддршката од Венецијанската комисија и желба за продлабочување и интензивирање на соработката.

- Делегација на Уставниот суд во состав од претседателот на Судот д-р Дарко Костадиновски, судијата д-р Јадранка Дабовиќ - Анастасовска и советникот м-р Лариса Милевска во периодот од 3 до 5 ноември 2024 година учествуваа на одбележувањето на 60-годишнината од постоењето на Уставниот суд на Црна Гора, што се одржа во Подгорица. На свеченоста, покрај претседателот на Уставниот суд на Црна Гора, г-ѓа Снежана Арменко, свое обраќање имаа и претседателот на Црна Гора, г. Јаков Милатовиќ, потпретседателката на Европскиот суд за човекови права, г-ѓа Ивана Јелиќ, амбасадорката на Велика Британија во Подгорица, г-ѓа Дон Мекен, директорката на програмата за Западен Балкан во AIRE центарот и г-ѓа Билјана Брејтвеит.

- Во периодот од 12–15 ноември 2024 година, делегација на Уставниот суд предводена од претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, судиите м-р Фатмир Скендер, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, проф. д-р АнаПавловска-Данева и шефот на кабинетот д-р Екрем Халими, оствари билатерална средба со претседателот и со судии на Уставниот суд на Република Туркије. На средбата се водеше дискусија во која се разменуваа искуства и беа искажани свои мислења, на повеќе теми, како што се: механизмите за извршување на одлуките на судовите, механизмите

за следење на извршувањето на одлуките, за кои свои излагања имаа судијата проф. д-р АнаПавловска-Данева и судијата м-р Фатмир Скендер, додека судијата м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева имаше свое излагање на темата за уставната тужба.

Во разговорите беа прецизирани и конкретни области за соработка во наредниот период, како што е користењето на Истражувачкиот центар кој е дел од Уставниот суд на Туркије, продолжување на практиката за стручна размена и престој на ниво на судии, студиски престој и учество на Летната школа на стручната служба, како и можностите за поддршка на капацитетите на Уставниот суд на Република Северна Македонија во поглед на дигитализација на Судот, опремување со современи компјутери и друга ИТ опрема.

- Судиите м-р Татјана Васиќ – Бозаџиева и м-р Фатмир Скендер во периодот од 26–28 ноември 2024 година учествуваа на Регионална конференција на уставни судови на тема „Зајакнување на заштитата на човековите права преку уставните судови во областа на заштитата на животната средина и клима“, што се одржа во Тузла, Босна и Херцеговина.

На Регионалната конференција којашто беше организирана од ИРЗ – Германска фондација за меѓународна правна соработка во соработка со Уставниот суд на Босна и Херцеговина, покрај судиите на Уставниот суд на Република Северна Македонија, учество зедоа и претседатели и судии од уставните судови на Република Босна и Херцеговина, Република Хрватска, Република Словенија, Република Србија, како и проф.д-р Габриеле Бриц, поранешен судија на Сојузниот суд на Германија, д-р Штефан Пирнер, раководител на Одделението на ИРЗ фондацијата за Западен Балкан и д-р Арнд Велер, земеник раководител на Одделението на ИРЗ фондацијата за Западен Балкан.

Судијата м-р Татјана Васиќ – Бозаџиева имаше свое излагање на тема: „Улогата на Уставниот суд на Република Северна Македонија во заштитата на правата на здрава животна средина – Воведување на уставна тужба во Република Северна Македонија со која граѓаните ќе бараат заштита на правата на здрава животна средина“.

*************

Во рамките на меѓународната соработка и во текот на 2024 година континуирано се остваруваше соработката со Венецијанската комисија на Советот на Европа, преку доставување на позначајните одлуки и решенија на Уставниот суд заради нивно објавување во Билтенот на Венецијанската комисија, како и размената на информации за законодавството и уставно-судската практика со другите уставни судови во Европа и пошироко.

## VII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ - СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Уставниот суд практикува добри односи со други институции и организации и во таа насока се остваруваат работни средби на кои се дискутира за конкретни ситуации, проблеми или активности.

Претседателот на Уставниот суд и судиите на Уставниот суд присуствуваа на одбележување на значајни настани и свечености по покана на официјални претставници на домашни и меѓународни институции.

- На 1 февруари 2024 година, претседателот на Уставниот суд Добрила Кацарска, оствари работна средба со Н.Е. Петра Дрекслер, амбасадорка на СР Германија во Република Северна Македонија. На средбата стана збор за актуелната состојба со пополнетоста на судиските места, се дискутираше за напредокот кој го направи Уставниот суд во изминатите три години во полето на транспарентноста, ажурното решавање на предмети и покрај фактот што Судот речиси 17 месеци работеше на раб на кворум, а останатиот период функционираше без една третина од судиите.

- На 21 февруари 2024 година, Уставниот суд и Мисијата на ОБСЕ во Скопје склучија Меморандум за разбирање со кој се овозможува промоција и унапредување на принципите на владеењето на правото и основните права и слободи на граѓаните.

- Претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, на 12 април 2024 година оствари работна средба со г-ѓа Џилијан Стирк, шефица на Мисијата за набљудување на изборите за претседател на Републиката и пратеници во Собранието при ОБСЕ/ОДИХР. Претседателот на Судот, ја информираше г-ѓа Џилијан Стирк дека Уставниот суд нема надлежност директно да одлучува за изборниот процес, но согласно Уставот, може да одлучува за уставноста на Изборниот законик, односно уставноста и законитоста на друг пропис кој уредува прашања поврзани со изборите. Покрај ова, Судот може да одлучува и за барања поднесени од граѓаните за заштита на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот, доколку некое од овие слободи и права им се повредени при спроведу-вањето на изборите.

- Претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, на 28 мај 2024 година оствари средба со амбасадорката на Сојузна Република Германија Н.Е. Петра Дрекслер по повод завршувањето на мандатот како и неколку-годишната успешна соработка. На средбата беше истакнато заедничкото задоволство од спроведените проекти и активности во Уставниот суд со поддршка на Сојузна Република Германија.

- Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судијата проф. д-р АнаПавловска – Данева на 17 јуни 2024 година остварија работна средба со амбасадорот на Република Италија во Република Северна Македонија, Н.Е. Андреа Силвестри. На средбата се разговараше за можностите за остварување на билатерална соработка меѓу уставните

судови на двете држави и беа разменети мислења на теми поврзани со реформирање на правосудниот систем.

➢ На 4 јули 2024 година, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски оствари работна средба со деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први”, проф. д-р Сашо Георгиевски. На средбата се дискутираше за можностите за унапредување на соработката помеѓу Уставниот суд и Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје.

➢ На 11 јули 2024 година, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први” - Скопје проф.д-р Сашо Георгиевски потпишаа Меморандум за соработка.

Меѓу активностите предвидени во рамки на Меморандумот се:
– организирање посети на студенти на додипломски, постдипломски и докторски студии, со присуство на седниците на Судот и презентација на неговата работа од страна на претставници на Службата на Судот;
– воспоставување програма за волонтирање на студенти во Судот;
– воспоставување програма за спроведување истражувања на студенти на постдипломски и докторски студии во Судот;
– заедничко аплицирање за проекти од областа на уставното право, уставното судство и уставната заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот пред домашни и странски донатори;
– учество на претставници на Правниот факултет при подготовка на посебните извештаи од член 13 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија;
– издавање зборници на научни и стручни трудови од областа на уставното право, уставното судство и уставната заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот утврдени во Уставот;
– заедничко организирање работилници, конференции и слични настани за прашања од уставното право, уставното судство и на слободите и правата на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот;
– воспоставување соработка за ангажирање научни работници во работата на Судот
– учество на претставници на Правниот факултет на конференции.

Соработката помеѓу Судот и Правниот факултет ќе се остварува преку редовна координација на претставници на страните која ќе се одржува најмалку еднаш на секои три месеци.

➢ Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, на 12 јули 2024 година оствари средба со амбасадорот на Народна Република Кина, Н.Е. Џанг Ѕуо. На средбата претседателот на Судот го запозна амбасадорот со приоритетите и активностите кои планира да ги спроведе за време на неговиот мандат и беа разменети мислења за севкупната билатерална соработка.

➢ На 15 јули 2024 година, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судиите проф. д-р АнаПавловска-Данева, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева одржаа работна средба со г.Карстен Манке, тим лидер и негови колеги-експерти ангажирани за спроведување на ИПА 3 проектот кој ќе се применува со цел унапредување на капацитетите на Судот. На

средбата беше договорена динамиката по која ке се постапува за имплементирање на компонентите од проектот.

- Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судиите м-р Татјана Васиќ Бозаџиева и проф. д-р АнаПавловска Данева на 16 јули 2024 година остварија работна средба со амбасадорот на ЕУ Н.Е. Дејвид Гир и неговите соработници. На средбата се разговараше за реформите што ќе ги спроведе Уставниот суд со примената на новиот Акт и новините воведени со истиот, за донесување Закон за Уставен суд и за воведување уставна тужба и беа разменети мислења во врска со најавите за реформи во правосудните тела.

- На 24 јули 2024 година, претседателот на Уставниот суд д-р Дарко Костадиновски оствари средба со амбасадорот на Република Полска во земјава Н.Е. Кшиштоф Гжелчик. На средбата присуствуваше и почесниот конзул на Република Полска во Република Северна Македонија, г. Коста Костовски.

- Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски на 24 јули 2024 година оствари работна средба со проф. д-р Акан Сувер, претседател на фондацијата „Мармара" и основач на Евроазискиот економски самит. Во фокусот на средбата беа разменети мислења за севкупната соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Туркије.

- На 27 август 2024 година, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски оствари работна средба со амбасадорот на Република Туркије во земјава, Н.Е. Фатих Улусој. На средбата беше изразено заедничко задоволство од постигнатото ниво на соработка помеѓу двата уставни суда, што претставува значаен сегмент во севкупната билатерална соработка на двете земји.

- На 6 септември 2024 година, претседателот на Уставниот суд, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судијата м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева остварија работна средба со амбасадорката на Сојузна Република Германија во земјава Н.Е. Петра Дрекслер. На средбата се разговараше за воведување на уставна тужба во Република Северна Македонија и беше искажана благодарност до амбасадорката за поддршката и активностите со кои во изминатиот период се промовираше потребата од воведување на инструментот уставна тужба.

- На 11 септември 2024 година, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судијата м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева остварија работна средба со експерти-соработници на Федералниот Уставен суд на СР Германија. Во фокус на средбата беа темите за надлежностите на Уставниот суд на Република Северна Македонија, актуелностите поврзани со работењето на Судот, како и новите одредби од Актот со кои се интервенира во начинот на работењето и обраќањето до Уставниот суд. Беа разменети искуства од богатата уставно-судска пракса на Судот во СР Германија за заштитата на човековите права и правни механизми како што е уставната тужба.

- На 17 септември 2024 година, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судиите м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева и м-р Фатмир Скендер остварија работна средба со амбасадорот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Н.Е. Килиан Вал. На средбата беше констатирано успешното спроведување на активностите на Судот поддржани од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и предвидени со Меморандумот за разбирање кој беше склучен во февруари 2024 година, како што е организирањето на Меѓународна конференција по повод 60 години постоење на Уставен суд и обуките кои претстојат, а се во насока на зајакнување на капацитетите на Судот. На средбата беше постигната согласност за продолжување на соработката за склучување на нов Меморандум за разбирање и формирање на тимови кои ќе ги прецизираат сегментите на натамошна соработка со цел унапредување на работењето на Уставниот суд и промоција на вредностите за коишто се залага Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

- Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, на 20 септември 2024 година учествуваше на Регионалната конференција што се одржа во Маврово во рамки на проектот „Зајакнување на владеењето на правото преку медиумска слобода", во организација на Здружението на новинарите во Македонија и во соработка со организациите Free Press Unlimited и Netherlands Helsinki Comitte. Претседателот на Судот имаше свое излагање на темата за слободата на изразување низ призма на уставно-правните механизми за заштита, праксата на Уставниот суд и начинот на којшто се водат овие постапки во Судот.

- На 10 октомври 2024 година, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски оствари средба со група студенти од Правниот факултет при Универзитетот ФОН во просториите на Судот. На средбата студентите се запознаа со надлежностите и работата на Судот, неговата улога и хиерархиска поставеност во системот, преку воведните обраќања на претседателот и на генералниот секретар м-р Виолета Ѓорѓиевска.

  Студентите се информираа за водењето на постапките и дејствијата кои се преземаат во таа насока од советниците на Судот, д-р Екрем Халимовски и м-р Љубица Гаџовска.

- Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судиите м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, м-р Фатмир Скендер и проф. д-р АнаПавловска Данева остварија работна средба со амбасадорката на Кралството Холандија во земјава Н.Е. Узлем Џанел. На средбата се дискутираше за зајакнување на улогата на Уставниот суд во обезбедувањето на со Устав определената надлежност да ја штити уставноста во поредокот и да го обезбедува владеењето на правото.

- На 16 октомври 2024 година, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и претседателот на Здружението на правници, проф. д-р Горан Коевски потпишаа Меморандум за соработка. Со потпишувањето на Меморандумот ќе се интензивира соработката помеѓу судиите, советниците и членовите на Здружението преку организирање на едукативни работилници за размена на информации за правото на ЕУ и други меѓународни организации чија улога е клучна во градењето на механизмите на заштита на човековите слободи и права.

- Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судиите Елизабета Дуковска, м-р Фатмир Скендер, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, проф. проф. д-р АнаПавловска-Данева на 8 ноември 2024 година учествуваа на Годишна меѓународна научна конференција на тема 2024 „Предизвиците на правните системи“ по повод одбележувањето на 73 години од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје.

Претседателот на Судот и судиите проф. проф. д-р АнаПавловска-Данева и м-р Васиќ-Бозаџиева имаа свое излагање за време на Панелот на тема: Уставен суд - Правно советување за современи теми „Одлуки на Уставниот суд vis – a – vis одлуки од редовно судство”.

Претседателот на Судот, д-р Дарко Костадиновски и судијата м-р Татјана Васиќ – Бозаџиева имаа излагања на тема „Уставниот суд на Република Северна Македонија и пресудите на редовните судови“, а судијата проф.д-р Ана Павловска – Данева имаше свое илзагање на тема „Кохабитација на Уставниот суд и редовните судови во Република Северна Македонија”.

- На 20 ноември 2024 година, во посета на Уставниот суд беа студенти од Правниот факултет-Кичево кои се информираа за надлежностите и улогата на Судот, кадровските капацитети и условите за работење во Уставниот суд. Од страна на советниците Магдалена Паункова-Спасова и м-р Мартин Трајановски на студентите им беа презентирани шаблоните за поднесување на барања за слободи и права до Уставниот суд, како и примероци од иницијативи, со објаснување на постапката од прием на поднесоците до изготвување на реферати и предавање на седници за дискусија, а во делот на комуникацијата со јавноста на Судот од советникот на Судот – портпарол, Христина Беловска.

- Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судијата м-р Фатмир Скендер на 26 ноември 2024 година оствarija работна средба со претставници од Турската агенција за координација и соработка, предводени од главната координаторка за Скопје, Шејма Бабајигит. На средбата беше констатирана успешната соработка помеѓу Уставниот суд и „Тика” во изминатите години како и желбата за интензивирање на соработката во иднина.

- На 29 ноември 2024 година, Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судиите м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева и м-р Фатмир Скендер остварија работна средба со амбасадорот на Република Франција во земјава, Н.Е. Кристоф Ле Риголер. На средбата беше нагласена важноста и интересот за континуитет во одржување на блиски односи меѓу Уставниот суд на Република Северна Македонија и Уставниот совет на Република Франција имајќи ги предвид традиционално добрите билатерални односи и членството на Судот во Асоцијацијата на франкофонски уставни судови.

- На 16 декември 2024 година, претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и судијата м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, остварија средба со амбасадорот на Делегацијата на ЕУ во Скопје, Н.Е. г. Михалис Рокас. На средбата се разговараше за актулностите и за предизвиците со кои се соочува Судот во неговото работење во изминатиот период и за потребата заштитата на владеењето на правото и правната држава да биде

врвен приоритет на сите фактори во нашето општество како единствен начин за враќање на довербата на граѓаните во институциите на системот.

➢ Претседателот на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски, на 20 декември 2024 година оствари средба со г. Махмут Чевик, заменик – претседател на Турската агенција за соработка и координација – ТИКА и г-а Шејма Бабајигит, координатор на Турската агенција за соработка и координација – ТИКА во Скопје. Средбата претставува продолжение на започнатите дискусии за поддршка на процесот на дигитализација и зајакнувањето на капацитетите на Судот, како клучни елементи за поефикасно работење на Судот.

***************

Уставниот суд на Република Северна Македонија е долгогодишен полноправен член на Конференцијата на европски уставни судови, Светската конференција за уставна правда, а по прекин од неколку години од март 2021 година повторно е член и на Асоцијацијата на уставни судови од франкофонијата и во оваа, 2024 година, и покрај финансиските потешкотии, ги има подмирено сите долгови за членарина во наведените институции.

## VIII. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДОТ И СТРУЧНА СЛУЖБА

1. Покрај Програмата и распоредот за работа на Уставниот суд за 2024 година, во текот на 2024 година беа донесени следниве акти:

➢ На 8 јули 2024 година беше донесен Стратешкиот план на Уставниот суд на Република Северна Македонија за периодот 2025-2027 година;

➢ На 17 јули 2024 година беше донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија;

➢ На 27 септември 2024 година беше донесен Правилник за изменување на Правилникот за плати на вработените во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

➢ На 19 ноември 2024 година беше донесен Правилник за изменување на Правилникот за плати на вработените во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

➢ На 26 декември 2024 година беше донесен Правилник за електронско поднесување поднесоци до Уставниот суд.

2. Во текот на 2024 година, Уставниот суд објави два јавни огласи за вработување на неопределено време во Стручната служба на Уставниот суд согласно со Правилникот за вработување и унапредување во Стручната

служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија и два интерни огласи за унапредување во Стручната служба.

Јавни огласи

По спроведената постапка по јавниот оглас објавен на 12 јануари 2024 година, беа избрани:

- 4 (четири) извршители за работното место Административен работник–технички секретари во Одделението за општи и административно-технички работи;
- 1 (еден) извршител за работното место технички работник – хигиеничар во Одделението за општи и административно-технички работи; и
- 1 (еден) извршител за работното место технички работник за одржување на објекти во Одделението за општи и административно-технички работи.

По спроведената постапка по јавниот оглас објавен на 22 август 2024 година, беше избран 1 (еден) извршител за работното место администра-тивен работник – архивар во Одделението за општи и административно-технички работи

Интерни огласи

На интерниот оглас објавен на 10 јануари 2024 година, беше унапреден еден вработен со звање административен работник во звање стручен соработник.

На интерниот оглас објавен на 11 јули 2024 година, беа унапредени двајца вработени со звање самостоен советник во звање советник на Судот.

* * *

Поради исполнување на услови за старосна пензија во текот на 2024 година се пензионираа двајца вработени во Уставниот суд, еден вработен на работното место советник на Судот и шеф на кабинетот на претседателот и еден административен работник – архивар.

* * *

Заклучно со 31 декември 2024 година, Стручната служба во Уставниот суд, брои вкупно 51 вработени, од кои:

- генерален секретар на Судот
- 17 советници на Судот од кои: 12 (дванаесет) советници на Судот за стручно-аналитичка работа, 2 (двајца) се советници на Судот за меѓународно-правни прашања и соработка, 1 (еден) советник на Судот – шеф на кабинетот на претседателот на Судот, 1 (еден) советник на Судот – портпарол и 1 (еден) советник на Судот за информатички технологии;
- 6 самостојни советници, од кои: 1 (еден) за стручно-аналитички работи, 3 (тројца) преведувачи, 1 (еден) лектор и 1(еден) координатор на Одделението за финансиски прашања;

- 3 советници од кои: 1 (еден) советник за протоколарни работи, 1 (еден) советник за евиденција, документација и уставно-судска практика и 1 (еден) советник за финансиски прашања и јавни набавки;

- 2 (двајца) стручен соработник за правни прашања;

- 13 (тринаесет) административни работници;

- 9 (девет) технички работници.

Од аспект на почитување на темелната вредност на уставниот поредок за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите институции на сите нивоа, во Уставниот суд од вкупниот број на вработени, 40 (78,4%) се Македонци и 11 (21,6 %) се припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, и тоа: 8 (осум) Албанци (15,7%), 2 (двајца) (3,9%) Турци и еден Бошњак (2%).

* * *

Во текот на 2024 година со цел зајакнување на капацитетите и вештините на стручната служба на Судот, беа спроведени две работилници.

➢ Во периодот од 19 до 21 септември 2024 година, во Велес се одржа работилница со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на која присуствуваа советниците што работат на предмети на тема: слободата на изразување и слободата на собирање и здружување со цел подобрување на нивните вештини за правно пишување на одлуки во случаи на кршење на човековите права поднесени пред Уставниот суд. На оваа работилница присуствуаа и судиите на Уставниот суд, м-р Тајана Васиќ – Бозаџиева и м-р Фатмир Скендер, и секретарот на Судот, Александар Лазов. Тренери на работилницата беа м-р Мирјана Лазарова - Трајковска, судија на Врховниот суд на РСМ (поранешен судија на Европскиот суд за човекови права за РСМ) и д-р Рената Дескоска, професор по право на Правниот Факултет Јустинијан Први во Скопје (член на Венецијанската Комисија при Советот на Европа).

➢ Во периодот од 18 до 19 ноември 2024 година, во просториите на Уставниот суд се одржа работилница организирана од Германската фондација за меѓународна правна соработка - регионално здружение за Западен Балкан (ИРЗ) на тема „Научна работа, правна методологија и соработка помеѓу советниците и судиите во Уставниот суд“. Предавачи на работилницата беа д-р Томас Клигел, Претседавачки судија на Окружниот суд во Есен, поранешен научен помошник/соработник во Федералниот уставен суд на Германија и д-р Јан-Марк Дросел, судија на Управен суд, поранешен научен помошник/соработник во Федералниот уставен суд на Германија.

➢ Во периодот од 30 септември до 3 октомври 2024 година, во Анкара се одржа 12-то издание на Летната школа во Република Туркије на тема „Користењето на информатичките технологии и вештачката интелигенција во судството и уставните судови“. На летната школа, на покана од Центарот за обука и развој на човечки ресурси на Здружението на Азиски уставни судови и еквивалентни институции (AACC-CTHRD), учествуваа советниците на Судот, м-р Мајлинда Исмаили и Енсар Јусуфи со свое излагање што се однесуваше на употребата на информациските технологии и можностите за користење на вештачка интелигенција при работењето во Уставниот суд.

Посебен акцент во презентацијата беше ставен на алатките со коишто е унапредена веб-страницата на Судот со крајна цел развивање на транспарентноста и поинформирани граѓани. Советниците на Судот презентираа информации и за софтверскиот систем и процесот на поедноставување на работењето при пребарување во уставно-судската пракса при користење на напредни алатки во текот на водењето на постапките во Уставниот суд.

## IX. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.283/2023) за функционирање на Судот беа предвидени и доделени средства во висина од 74.384.000,00 денари, кои со одлука за распределба на средствата помеѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.169/2024) беа намалени и изнесуваа вкупно 72.466,00 денари. Реализацијата на вкупно одобрениот буџет за 2024 година на Уставниот суд на Република Северна Македонија изразена во проценти изнесува 99,73 %.

**Уставен суд на Република Северна Македонија**

**кеј „Димитар Влахов“ бр.19**

**1000 Скопје**

**тел.  +389 2 3163 063, претседател**

**тел. + 389 2 3165 153, секретар**

**факс +389 2 3119 355**

**е-пошта:** mail@ustavensud.mk

**Интернет страна на Судот:** www.ustavensud.mk

**Редакција:**

д-р Дарко Костадиновски, претседател

д-р Осман Кадриу, судија

Добрила Кацарска, судија

м-р Фатмир Скендер, судија

м-р Виолета Ѓорѓиевска, генерален секретар

м-р Лариса Милевска, советник

**Стручна подготовка и статистичка обработка на податоци:**

м-р Лариса Милевска, советник

Христина Беловска, советник на Судот за односи со јавноста - портпарол